# МАКЕДОНСКИ ГЛАС

GODINA IX. 2001.
SIJEČANJ-OŽUJAK
ЈАНУАРИ-МАРТ
ЦЕНА 5 кн

25
БРОЈ



Славе Атанасовски Крстанче    Столбови во Свечаната сала во МАНУ, 1977. (детаљ)

Заедницата на Македонците во Хрватска

# НАЈСТРОГА ОСУДА НА АЛБАНСКИОТ МИЛИТАНТСКИ НАЦИОНАЛИЗАМ И ТЕРОРИЗАМ ВО МАКЕДОНИЈА

Следејќи ја состојбата во Република Македонија, Заедницата на здруженијата на Македонците во Република Хрватска најостро ги осудува нападите врз македонската армија и полиција од страна на екстремните албански терористички формации и групи и ја споделува загриженоста за иднината на Република Македонија, се вели во писмото за поддршка на Заедницата на Македонците во Република Хрватска.

Поаѓајќи од определбата за решавање по мирен и демократски пат на сите проблеми, Заедницата е против војна и најостро ги осудува секој вид екстремизам, тероризам и ширење на национална и верска омраза.

Бидејќи и самите бевме сведоци на агресијата на Хрватска и војната која однесе голем број млади животи, а зад себе остави тага, јад, пустош и омраза, појавата на албанскиот екстремен национализам во Македонија, кој што од вербален, премина во физички напад и се користи со метод на тероризам, го сметаме за најголема опасност за мирот и стабилноста како во Македонија така и во поширокиот регион.

Без разлика на националната и верска припадност, сметаме дека, сепак, ќе надвладее разумот кај мнозинството од населението на Република Македонија и ќе се надмине ваквата тешка и непожелна состојба.

Во тој правец, за мирно решавање на кризата, безрезервно ја даваме својата поддршка во секој вид и облик на претседателот на Република Македонија, на Владата на Република Македонија, на нејзините воени и полициски сили во настојувањата да се обезбедат и сочуваат редот и мирот на целата територија на Република Македонија.

Гледајќи го ова како глобален проблем, ќе настојуваме и ќе го браниме со сите легитимни и легални средства, легитимитетот, независноста и територијалниот



интегритет на Република Македонија со нејзиниот културно-историски, духовен, стопански идентитет, како во Република Хрватска, па и пошироко во рамките на европската и светска јавност.



Стабилноста и мирот во Република Македонија е предуслов за мир и стабилност во Југоистична Европа, затоа ваквите појави не се само проблем на Република Македонија и нејзиното население, туку се и проблем за сите соседни земји па и за Европската унија.

Како што се вели во писмото на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, во кое до високите меѓународни фактори упатуваат апел за донесување одлука за брза и мировна интервенција за санкционирање и најостра осуда на појавата на албанскиот милитантен национализам и тероризам во интересот на територијалната неделивост на Република Македонија.

Во писмото од Заедницата е изразено најдлабоко сочувство кон семејствата на загинатите, кои ги дадоа своите млади животи за обрана на Македонија, а пак кон ранетите припадници на АРМ и полицијата на Република Македонија најискрејни желби за брзо оздравување.

Искрено се надеваме, се вели во писмото на Здружението, дека пријателскиот хрватски народ и севкупната европска и светска јавност ќе го осудат големоалбанскиот и секој друг национализам, шовинизам, а посебно сепаратизмот во Република Македонија, спроведен со метод на тероризам од страна на поединци, групи или формации и дека еднодушно ќе дадат поддршка на Република Македонија во процесот на транзиција за вклучување во Европската унија, како целосна и единствена.

# Година на јубилеи

*Почитувани читатели,*

Во оваа година Заедницата на Македонците во Република Хрватска планира мошне богат, разновиден и занимлив програм. Во прв план се програмите за одбележување на значајните јубилеи.

Во рамките на традиционалната културна манифестација "Четврти денови на браќата Миладиновци" во Ѓаково и во Загреб на 23-ти и 24-ти јуни ќе се одбележи јубилејот 140 години од печатењето на Зборникот на браќата Миладиновци.

Достојно и свечено ќе ја одбележиме и 10 годишнината од основањето на Заедницата на Македонците во Република Хрватска. Македонското културно друштво "Илинден" ја одбележува 10 годишнината од основањето.

МКД "Крсте Мисирков" од Загреб ја одржа јубиларната десетта Македонска вечер.

Мал јубилеј одбележува и списанието "Македонски глас" кое излегува 25-ти пат. Во програмата се уште застапени:

стручниот симпозиум "Хрватско - македонските литературни односи", традиционалните "Денови на македонската култура во Хрватска", (Осиек, Пула, Риека, Сплит, Загреб), прослава на македонскиот национален празник - Илинден, "Македонска вечер", изложби, концерти и др. Планирано е да се печати книгата поезија на Константин Миладинов, Македонско - хрватски и хрватско - македонски речник и книгата "Хрватско - македонските односи низ вековите".

Секако, секое македонско културно друштво и МПЦО во Хрватска имаат и свои програми што произлегуваат од работата на аматерските секции.

Во оваа година имавме и средби во Загреб со потпредседателот на Собранието на Република Македонија, г-ин Томислав Стојановски и со министерката за култура на Македонија, госпоѓа Ганка Цветанова - Самоиловска.

Македонците во Хрватска редовно ја пратат и состојбата во Македонија и се загрижени и вознемирени поради случувањата на северната граница и по тој повод испратија писмена поддршка до македонската јавност и државните органи за мирно разрешување на настанатите политички проблеми во Македонија, осудувајќи го албанскиот милитантски национализам и тероризам во Македонија.

Морам да го забележам и новиот бран на огорченост и незадоволство кај Македонците што живеат во Хрватска, во врска со најновите потези на бугарската страна. Имено, бугарскиот амбасадор, во Хрватска Костајница, на родната куќа на Антун Јакиќ постави спомен плоча, а на градоначалникот му подари портрети на браќата Миладиновци и еден примерок на Зборникот на бугарски јазик. Ако ја додадеме уште и иницијативата (што ни потврдија во Ѓаково) на 24-ти мај (денот на браќата Св. Кирил и Методиј) во Ѓаково ја откриваат спомен плочата што ја поставија во 1999-та година во ѓаковачката катедрала и да одржат симпозиум, а имаат барање и за поставување на споменик на браќата Миладиновци.

Македонците од Хрватска се збунети не само поради бугарската агресивна антимакедонска пропаганда во Хрватска, туку и од досегашната бавност и инертност на Струга и другите институции во Македонија.

Бискупот монсињор д-р Марин Сракиќ категорички рече дека не сака да влегува во споровите меѓу Македонците и Бугарите, а градоначалникот д-р Дарко Вртариќ истакна дека Ѓаково се наоѓа во една збунета ситуација, затоа што иницијатива доаѓа и од Македонците и од Бугарите.

Ние Македонците од Хрватска не сакаме да се мешаме во политичките одлуки, ние сакаме културите да нé составуваат и зближуваат, а не да нé разделуваат.

Сметам дека време е во оваа јубиларна година на симпозиумот научно да се докаже чии се браќата Миладиновци, односно да се знае историската вистина.

На сите наши читатели им посакувам честит ВЕЛИГДЕН.

ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ!



*Македонски парламент; 6 март 2001 година*

**ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКАТА БОРИС ТРАЈКОВСКИ**

# "МАКЕДОНИЈА ЗАЕДНИЧКИ ДА ЈА ГРАДИМЕ И ЗАЕДНИЧКИ ДА ЈА БРАНИМЕ"



**Ако се попушти пред тероризмот, тоа е смртен удар врз меѓуетничките односи**

Република Македонија знаеше да ја брани својата независност секогаш кога тоа беше неопходно, рече претседателот Трајковски, притоа, потсетувајќи на проблемите на нашите граници, на блокадите и на терористичките напади.

Во текот на најтешките моменти на повеќемесечната косовска криза, која имаше потенцијал за експлозија на целиот регион, Република Македонија стана клучен фактор за спречување на прелевањето на конфликтот и хуманитарната криза која се закануваше да прерасне во катастрофа и да го запали целиот регион. Само пред 18 месеци Република Македонија ја понуди својата рака на љубов и гостопримство и понуди и овозможи згрижување на косовските бегалци. Во тие исклучително тешки моменти, не само што несебично му помагавме на косовското население, туку и по неговото враќање несебично ги ставивме на располагање нашите транспортни коридори и расположивата логистика за хуманитарно снабдување на населението на Косово, истакна претседателот Трајковски.

Зборувајќи за периодот по косовската криза и потпишувањето на спогодбите, шефот на македонската држава потсети на верувањето дека на Балканот нема да има повеќе војни и оти е дојдено времето за помирување, соработка и развој. Во таа насока и со таа цел Европската унија ги лансира Пактот за стабилност и Процесот за стабилизација и асоцијација. Јасно се искристализира сознанието дека Балканот е интегрален дел од Европа и дека политиката треба да биде соодветна на тие реалности. Во тој момент верувавме дека искрите што се јавуваа во јужна Србија се само последни обиди за инциденти, активирани како резултат на поранешните состојби во овој дел од регионот, рече Трајковски.

Тој понатака запраша дали е случајно што следеше атак врз нас и врз територијалниот интегритет на Македонија. Според него, дестабилизирањето на Македонија ќе ја разниша оваа клима и легитимните стремежи за мирен и просперитетен Балкан.

Во контекст на актуелната криза, тој рече дека станува збор за терористички атак врз територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија. Екстремистичките банди ги исчистија селата во кои се забарикадирани и настана провокацијата на која сме сведоци. Дадовме и жртви. Но да бидеме целосно јасни, со тероризмот и милитаризмот со елементи на расна и етничка омраза, нема да се преговара. Тие треба и ќе бидат политички и воено поразени и избркани од територијата на Република Македонија. Секој во Македонија, во регионот и во меѓународната заедница, треба да знае дека евентуалниот успех на тероризмот и етничкиот екстремизам е почеток на крајот на мирот и стабилноста во регионот. Дури тогаш, меѓуетничките односи во Република Македонија ќе бидат ставени на испит. Милитантниот екстремизам удира директно во коренот на сите обиди за мирно решавање на споровите, на сите тенденции за политички и демократски дијалог. Насилството може за кратко време толеранцијата градена со години и со многу стрпливост да ја претвори во деструктивна омраза, истакна претседателот Трајковски.

Ве уверувам дека ќе знаеме да одговориме на провокациите на тероризмот и ќе успееме во тоа. Сите дипломатски и политички напори се во тој правец. Во оваа смисла, јас како Претседател на Република Македонија и Врховен командант на Армијата, ги издадов сите потребни наредби. Се вршат дневни консултации и ние постигнавме заедничка платформа на внатрешните политички фактори и меѓународната заедница. Имаме доволно сили и одлучност сами да се справиме со тероризмот и провокациите, но ја поздравуваме поддршката што ни ја даваат соседите, истакна македонскиот претседател.

Овде и пред целата македонска јавност, сакам да истакнам дека кога нашата држава се најде пред мошне сериозна безбедносна закана, лидерите на партиите кои имаат пратеници во Собранието и другите политички структури покажаа единство во определбата за преземање соодветни активности за зачувување на територијалниот интегритет на Република Македонија и на безбедноста на граѓаните кои живеат во подрачјето во пограничниот регион со

**Имаме доволно сили и одлучност сами да се справиме со тероризмот и провокациите, но ја поздравуваме поддршката што ни ја даваат соседитев, истакна македонскиот Претседател**

**_Ниту ние, ниту меѓународната заедница не смееме да дозволиме да бидеме заложници на групи екстремисти, терористи и авантуристи од каква било идеолошка, лукративна или национална провинција_**

Сојузна Република Југославија на делот со Косово во кој нелегално престојуваат вооружени екстремни групи, нагласи претседателот Борис Трајковски. Доколку албанското население од Косово сакаше да ја дестабилизира Македонија, тоа можеше веројатно многу полесно да го направи за време на бегалската криза кога нивниот број во нашата држава се искачи и до 350.000, истакна претседателот Трајковски. Во изминатиот период, не само во контекст на актуелните настани, туку и многу порано, од КФОР континуирано баравме да си ги извршува своите обврски и да ја обезбедува границата од косовска страна. За жал, од причини за нас тешко прифатливи, обврската не е исполнета. Македонските безбедносни сили беа оставени сами да се справуваат со чувањето на границата, додека од другата страна постоеше отворен простор за дејства на вооружени екстремни сили кон нашата граница и територија. Тој нагласи дека Владата на Република Македонија презеде и дополнителни чекори, така што е побарано одржување итна седница на Советот за безбедност на ОН, на која непосредно ќе ги запознаеме со актуелните состојби и ќе предложиме конкретни мерки за долгорочна стабилизација на состојбите на границата со СР Југославија, во делот со Косово. Исто така, оваа недела ќе се одржи состанок во НАТО во формат 1+19, од кој се очекуваат конкретни резултати на тој план.

Добивме силна поддршка од ЕУ за нашите искажани заложби и постигнати резултати, рече претседателот Трајковски.

Решително треба да се справувавме со нив. Ако овие екстремистички и деструктивни трендови продолжат, напорите на меѓународната заедница за создавање мултиетнички општества ќе бидат загрозени. Ако итно не се идентификуваат, изолираат и казнат силите кои прават пречки, ни престои нов бран на турбуленции и насилства во регионот, нагласи шефот на македонската држава.

Тој додаде дека нашите искуства покажуваат дека на меѓународната заедница и треба време да ги идентификува тие ретроградни процеси, кои се засновани на остатоците на идеите за големи и етнички чисти држави. Затоа, како што рече Трајковски, проценуваме дека треба да се преземат итни мерки да се застане на патот на оние кои го загрозуваат процесот на мир, толеранција, обнова и развој. Во тој контекст, претседателот Трајковски нагласи дека треба да се осудат оние кои на кој било начин го оспоруваат или пак го проблематизираат договорот за одбележување на границата меѓу Република Македонија и СР Југославија.

Меѓународната заедница, од своја страна, треба да преземе активности за трајна стабилност на границата со Југославија во делот со Косово. За постигнување на оваа цел, Владата во својот акциски план побара од меѓународната заедница да воспостави безбедносна зона од другата страна на границата со СР Југославија, каде што ќе бидат ангажирани посебни сили на КФОР со јасна цел да се прекинат каналите на дотур, складирање и шверц на оружје во таа зона. На тој начин ќе се спречи секаква можност за инфилтрација на бандитски групи кои ќе го нарушуваат мирот на граѓаните во Македонија и Косово и на нивните обиди за загрозување на безбедноста на државата, нагласи Трајковски.

Тој додаде дека тие вооружени групи атакуваат на нашиот заеднички мир, а тоа, како што рече, граѓаните на Република Македонија добро го знаат и умеат да го препознаат. Тие имаат долго историско паметење за заедничкиот живот во добри и лоши времиња. Тие сакаат мир за своите деца и поубава иднина. Сакаат да ја негуваат својата култура и традиција, да патуваат и да запознаваат други народи. Затоа, сите ние се стремиме достоинствено да влеземе во европското семејство каде што ни е и местото. Тоа можеме да го постигнеме само ако се однесуваме во духот на демократски и цивилизирани општества, истакна претседателот Борис Трајковски, притоа повикувајќи ги сите македонски граѓани, независно од етничкото потекло, сега и во иднина, одлучно да се спротивстават на сите обиди да не забават на тој пат.

Повикувам на конструктивност од сите политички партии и нивно максимално дејствување на теренот за да не се создаваат тензии или сомнеж во способноста на државата да го прави она што треба да го прави. Јас како Претседател на Република Македонија повикувам на заедништво во штитењето на се она што значи стабилност на државата и спокојство на секој наш дом. Од ова место сакам да ги уверам сите граѓани на државата, воопшто, да не се сомневаат во нашата решеност и готовност да употребиме се со што располагаме за да си го одбраниме суверенитет и територијалниот интегритет. Ги повикувам граѓаните од некои погранични подрачја да се вратат во своите домови што ги напуштиле од страв или од закани, да не подлегнуваат на обидите за шпекулации и да не влегуваат во сценаријата на медиумските пропаганди, истакна претседателот Трајковски.

Според него, во овој момент особено е значајно да покажеме единство и да упатиме порака оти Македонија е граѓанско општество, определено за толеранција и соживот. Ние покажавме дека знаеме во кој правец треба да се движиме во негувањето на вековната традиционална толеранција во меѓуетничките односи и во развојот на демократијата, почитувањето на човековите права и транзицијата кон пазарната економија. Денеска, кога најмногу почнуваме да ги собираме плодовите од нашата визија, не би смееле да дозволиме да го напуштиме нашиот визионерски пат. Нашето вековно историско искуство и колективно паметење не учи дека Република Македонија треба да ја градиме заеднички. Сега кога територијалниот интегритет на државата е загрозен, ние треба да го браниме повторно заеднички, бидејќи Македонија е наш заеднички дом, истакна претседателот на Република Македонија Борис Трајковски на крајот од своето обраќање во македонскиот Парламент.

**_Ниту една стапка од македонската територија нема да биде отстапена на екстремизмот и тероризмот_**

**МИА**

## ОБРАЌАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

# ВРЗ МАКЕДОНИЈА Е ИЗВРШЕНА НАДВОРЕШНА АГРЕСИЈА

Не можејќи во овие судбоносни денови да останеме пасивни набљудувачи на трагичните настани и да се помириме бруталните закони на едно оружено насилство, ние членовите на Македонската академија на науките и уметностите се чувствуваме повикани во овој историски миг пред нашата и пред меѓународната јавност да предупредиме дека е извршена надворешна агресија врз нашата земја, помогната од определени екстремни внатрешни сили. Таа агресија претставува сериозен обид за реализација на познатите големодржавни проекти за нова поделба на Македонија.

*Што се случува за сето тоа наеднаш да се урива на ваков брутален и трагичен начин и зошто токму сега?*

И во овој случај се потврди силата и моќта на систематската и долготрајна индоктринација на масите со големодржавни идеи и идеологии и колку тие можат да се трансформираат во физичката сила во стремежот за оживотворување на одредени митови. Тоа нагледано беше демонстрирано на последниот големоалбански митинг во Тетово што се одржа под паролата "Стоп за државен терор над Албанците во Македонија". Тој ја покажа силата на неконтролираниот збор со ултимативните барања што треба да се реализираат веднаш и сега. Така се покажа и во овој случај дека кога ќе се напуштат демократските институции во решавањето на сложените и тешки проблеми, тогаш секогаш силата на аргументите се заменува со аргументите на силата.

Се зборува дека Албанците во Македонија ги немаат основните човекови, етнокултурни, верски и национални (индивидуални и колективни) права. Меѓутоа, општо е познато дека Уставот и законите на Република Македонија им гарантираат и во практиката се реализираат правата на образование и воспитание на мајчиниот јазик - од градинката до универзитетот, рамноправна употреба на својот јазик во локална самоуправа; непречено и државно стимулирано дејствување, развивање и презентирање на својата култура, литература, фолклор и обичаи; рамноправно и со квоти гарантирано учество на универзитетите, во државните медиуми (радиото, телевизијата и печатот) со разгранета мрежа за слободна масовна информација; непречено практикување на верата и развивање и одржување на своите сакрални објекти; слободен економски развој и развиена трговска дејност во земјата и во странство, итн.

Може ли да ни се посочи во која земја на Балканот малцинствата ги имаат овие и вакви права и слободи? Но, токму тука и настанува проблемот некои екстремни политички претставници на етничките Албанци во Македонија не прифаќаат да бидат рамноправни граѓани со статус на етничко малцинство, туку постојано инсистираат за радикална промена на Уставот за да им се признае статус на народ со право на самоопределување до отцепување, на територијално партерство во државата. Токму заради тоа не ги признаваат ни државните симболи на Република Македонија, туку стојат исклучиво пред химната и под знамето на Република Албанија.

Тоа е централниот дел од програмските платформи на лидерите на некои "политички" партии на етничките Албанци. Така, неодамна се формира и новата Национална демократска партија на Албанците, која отворено се декларира за биполарна



*Академик Георги Ефремов, пртедседател на МАНУ*

федерализација на Република Македонија и речиси ги подржа формулираните барања на терористичко-герилската "Националноослободителната војска", сакајќи да се претстави и во Собранието како нејзино политичко крило. Под закани на оружјето се бара политичката спогодба. Но, мора да се знае дека разговор е можен само со легитимните претставници на Собранието. Тоа мораме да го направиме самите, брзо и ефикасно, без учество на туѓи армии на наша територија и без создавање можности за интернационализација на проблемот.

Кога ќе се земе предвид сето ова, станува сосем јасно дека започнатата војна не се води за поголеми граѓански, демократски, човекови и национални права, туку за анектирање територии и за нова поделба на Македонија и за реализација на идејата за "голема Албанија". Затоа екстремистите мораат да се соочат со вистината дека на Македонија и на македонските граѓани им се наметнува татковинска војна...

Ако оние што ја започнаа крвавата игра на неа гледаат како на некој "патриотски чин", тогаш треба да сметаат со патриотскиот долг на сите граѓани на нашата земја да ја бранат и да ја одбранат Македонија која што не е само татковина на Македонците, туку и на Албанците, Турците, Србите, Ромите, Власите и другите и дека сите заедно ќе му се спротивстават на злото и заедно ќе ја бранат Македонија како своја татковина.

Единството постигнато во Собранието на Република Македонија при донесувањето на Заклучоците на безбедносната состојба во земјата претставува јасен доказ дека созрева свеста за државното единство како врвно патриотско начело на сите граѓани во Македонија. Поради тоа, Ма-

кедонската академија на науките и уметностите се приклучува кон општата поддршка од сите наши луѓе на овие Заклучоци. Наспрои тоа, ги сметаме за крајно штетни и неодговорни настапите на политички одговорните луѓе, во земјата и во странство, кои не придонесуваат за стабилноста, територијалниот интегритет и суверенитет на Македонија.

Македонија треба постојано да гради пријателски односи што ќе ја зближуваат и поврзуваат со државите и народите... Нашиот консензуален стремеж кон Европската унија и НАТО треба грижливо да се трасира и култивира. Во овој момент тоа е единствениот пат и начин за обезбедување не само на суверенитетот, интегритетот и просперитетот на Република Македонија, туку и за осигурување на мирот и стабилноста на Балканот.

Излезот од оваа ситуација мораме да го бараме не во некои ретроградни историски проекти со исцртување на граници и поттикнување меѓусебни конфронтации и крвопролевања, туку во градењето на една Македонија како модерна граѓанска европска држава.

Македонската академија на науките и уметностите повикува на разумност и одговорност во постапките на сите фактори во земјата, но и на единство на граѓаните во наметнатата војна. Истовремено, Македонската академија се обраќа кон сите меѓународни фактори и пријателски држави, а посебно кон националните академии на науките и уметностите во нашето соседство и во светот да го кренат гласот против оружената агресија врз Македонија и да се зачува мирниот развиток на нашата земја и на целиот Балкан.

**EU - MAKEDONIJA**

# MAKEDONIJA JE PRIDRUŽENA ČLANICA EUROPSKE UNIJE

Makedonija je postala prva balkanska zemlja koja je u Luxemburgu potpisala Sporazum o stabilizaciji i pridruživanju s Europskom unijom.

**Što donosi sporazum?**

Osim što će Makedoniju uvesti u slobodnu trgovinsku zonu EU u razdoblju od deset godina, Sporazum o stabilizaciji i pridruživanju otvorit će joj vrata za korištenje fondova iz programa KARDS, čime će pomoći ubrzano usvajanje europskih standarda u području imigracije, azila, sudstva, kretanje radne snage, viznog režima, ljudskih i manjinskih prava, tržne ekonomije i sl.

Najavljuje se da u tu svrhu treba implementirati 200.000 stranica propisa i standarda Unije. Da bi se sve to ostvarilo, bit će potrebne znatne političke i ekonomske reforme koje je Makedonija već počela ostvarivati kako bi postigla političku, ekonomsku i institucionalnu stabilnost.



*Zdravica premijera Georgievskog i ministrice Anne Lindh*

# ДЕЛЕГАЦИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПОСЕТА НА ЗАГРЕБ

На 2-ри април 2001-та година потпредседателот на Собранието на Република Македонија г-ин Томислав Стојановски во придружба на г-ин Јован Пејковски, раководител на Секторот за меѓународна соработка, престојуваа во службена посета на Соборот на Република Хрватска.

Тоа беше прилика да ја посетат Заедницата на Македонците во Република Хрватска и МКД "Крсте Мисирков", во придружба на господин Владимир Крстевски, советник во Амбасадата на Република Македонија во Република Хрватска.

Во разговорот учествуваа членови на Управниот одбор на друштвото и проф. д-р Борислав Павловски, претседател на Одборот за одбележување на 140 годишнината од печатењето на Зборникот на браќата Миладиновци.

Господинот потпредседател Стојановски ги запозна присутните со новонастанатата воена и безбедносно-политичка ситуација во Македонија.

Претседателот на друштвото г-ин Иван Качуров ги запозна гостите со работата, успесите и проблемите на друштвото, а г-ин Павловски со проблематиката врзана за долгопланираната реализација за печатење на "Македонско-хрватски и хрватско-македонски фреквенциски речник".

Потпредседателот Стојановски ни даде надеж дека во рамките на неговите можности ќе ја помогне издавачката дејност.

Д-р Марко Паризоски



*Делегација од Собранието на Република Македонија во посета на Загреб*

## Достоинствено одбележување на јубилејот на Миладиновци

*• Министерката за култура на Македонија, Ганка Цветанова - Самоиловска, при посетата на Загреб, пред Заедницата на Македонците во Хрватска, вети дека ќе се заложи за финализирањето на подготовките за одбележување на јубилејот 140 години од печатењето на Зборникот на браќата Миладиновци.*

На средбата најмногу се разговараше за претстојното одбележување на 140-годишнината од Зборникот на браќата Миладиновци. Министерката Цветанова - Самоиловска рече дека ќе се заложи за што подостоинствено одбележување на овој важен јубилеј, а на новинарското прашање околу бугарските најави за паралелно празнување на јубилејот на Зборникот, таа одговори:



*Министерката Ганка Цветанова - Самоиловска со раководството на Заедницата*

„Сметам дека е многу невкусно на една земја да и се дава налог како треба да постапува со трета земја. Во случајов, не постои можност за мешање во хрватско-бугарските односи. Ние немаме право, ниту сакаме да се мешаме во тоа. Наша задача е на достоинствен начин да го прославиме овој значаен датум бидејќи тоа се наши преродбеници".

На средбата во Загреб, претседателот на Заедницата Илија Христодулов, неговите заменици Иван Качуров и Благоја Јовановски ја запознаа министерката со активностите на Одборот за одбележување на овој јубилеј. За конкретните содржини на манифестацијата зборуваше универзитетскиот професор д-р Борислав Павловски, кој, воедно, и го води Одборот за одбележување на 140 - годишнината од објавувањето на Зборникот.

На средбата министерката покажа интерес и за другите културни активности на Заедницата. Освен со подготовките за манифестацијата, на министерката ѝ беа предочени и предлози за организирање изложби на истакнати македонски автори. Покрај тоа, таа имаше можност да се сретне и со македонски уметници што работат во Загреб - со познатиот оперски пеач баритонот Сотир Спасевски и актерката Костадинка Велковска.

А. Ц. Арежина

### POVODOM 140. GODIŠNJICE OBJAVLJIVANJA ZBORNIKA BRAĆE MILADINOV

# MAKEDONSKI VELEPOSLANIK U HRVATSKOJ BORAVIO U ĐAKOVU

Povodom obilježavanja 140. godišnjice izdavanja Zbornika braće Miladinov, makedonski veleposlanik u RH, Servet Avziu, boravio je 14. veljače u Đakovu. O tom značajnom kulturnom događaju razgovarao je s đakovačkim i srijemskim biskupom, mons. dr. Marinom Srakićem, i s đakovačkim gradonačelnikom dr. Darkom Vrtarićem, a susretima su bili nazočni i prof. Blagoja Jovanovski, predsjednik Makedonskog kulturnog društva "Braća Miladinov" u Osijeku te Ivan Kačurov, potpredsjednik Zajednice Makedonaca u RH.

Prema riječima veleposlanika Avziua, zamisao Zajednice Makedonaca u RH je da ovaj jubilej bude obilježen u Zagrebu, Osijeku i Đakovu.

"U rodnoj kući braće Miladinov u Strugi nalazi se bista J. J. Strossmayera, koji je pomogao pri izdavanju Zbornika, i željeli bismo da bista braće Miladinov bude u Đakovu što je vrlo važno za Makedonce", rekao je Avzui.

Istaknuo je da postoje manji problemi s Bugarskom glede obostranog polaganja prava na porijeklo braće Miladinov te da očekuje da će diplomacija riješiti taj problem. Biskup Srakić je izričito rekao da ne želi ulaziti u sporove Makedonaca i Bugara.

Na susretu u Gradskom poglavarstvu još je jednom konstatirano da bi 24. svibnja Bugari trebali otkriti već postavljenu spomen-ploču u kripti đakovačke katedrale, dok bi Makedonci isto to učinili točno mjesec dana poslije. Dr. Vrtarić je pozdravio svaki kulturni događaj obilježavanja, ali je istaknuo da je Đakovo u zbunjujućoj situaciji jer inicijativa dolazi i od Makedonaca i od Bugara.



Ivan Kačurov izvjestio je da će 12. svibnja u Zagrebu biti održan Simpozij povodom 140. godišnjice izdavanja Zbornika, na kojem će se, prema njegovim riječima, dobiti jasna slika tko su i što su braća Miladinov. Između ostaloga je rečeno da bi željeli da se ta događanja odvijaju u duhu hrvatsko-makedonskog prijateljstva.

Član Gradskog poglavarstva zadužen za sport i kulturu, Mirko Ćurić, izrazio je mišljenje da bi oko postavljanja obilježja trebalo konzultirati Muzej J. J. Strossmayera te da dosadašnju kulturnu suradnju Makedonije i Hrvatske treba nastaviti i u buduće.

Preuzeto iz Đakovačkog glasnika M. Županа

### СЕРВЕТ АВЗИУ, АМБАСАДОРОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПОСЕТА НА РИЕЧКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ

# *ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ И ХРВАТСКИТЕ ВРСКИ*



Хрватска и Македонија имаат историско наследство и блиски врски, во културните, па и во стопанските подрачја, со намера да се оснажат со соработка меѓу универзитетите на Република Македонија и Република Хрватска, на научнот ниво, рече ректорот на риечкиот Универзитет академик Даниел Рукавина, поздравувајќи го амбасадорот на Република Македонија Сервет Авзиу.

Риечкиот Универзитет е заинтересиран за посебна соработка на маѓународните мултилатерални проекти, а таа сигурно ќе биде успешна и поради зачувувањето на прекинатата традиција - студиите по македонистика, рече академикот Рукавина.

Проректорот за настава на Универзитетот, проф. д-р Горан Калоѓера додаде дека риечкиот Универзитет ги има сите факултети кој се наоѓаат во рамките на Универзитетите во Скопје и Битола. Плодната соработка се надева дека ќе биде секако продолжена. На скопскиот и битолскиот Универзитет околу 100 студенти студираат кроатистика, а на загрепскиот Универзитет 60 студенти македонистика. Тој смета дека на риечкиот Универзитет има исто така голем интерес.

Амбасадорот Авзиу се заблагодари на срдечниот пречек, и изрази уверение дека по повод Денот на македонската писменост на 25-ти мај претставниците на риечкиот Универзитет ќе дојдат во Скопје, каде ќе биде потпишан уговор за универзитетската соработка.

Со македонскиот амбасадор, риечкиот Универзитет го посетија Илија Христодулов, претседател на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, и Владо Настески секрѐтар на МКД "ИЛИНДЕН" од Риека.

В. Н.

# КРЕИРАЊЕ НА МОДЕРНО ДЕМОКРАТСКО ОПШТЕСТВО

На една од седниците на Советот на малцинствата во Република Хрватска присуствуваше пратеникот на главниот секретар на Советот на Европа, Ханс Петар Фурер, директор на дирекцијата за политички прашања во Советот на Европа и лице кое го води проектот „Разнолични релации" во името на Советот на Европа.

Разговорот со господинот Фурер треба да овозможи вклучување на Советот на малцинствата во Хрватска во националниот одбор кој би спровел Кампања со која ќе се зајакне свеста во релација со промовирањето на мултиетничкото општество и демократското граѓанство.

"Сакаме да го развиеме светот, без оглед на идентитетот кој го има единката, да постои свест дека тоа е само дел на еден општ идентитет кој сите го поседуваме. Ние сите сме различни, ама сме дел од едно цело на оваа планета", рече претставникот на Советот на Европа, Ханс Петер Фурер, потпирајќи се на филозофското тврдење дека во другите не треба да се гледаме себе си, туку личност која е сосема различна од нас. Во различноста меѓу единките иползувањето на придобивките од различноста Фурер ја гледа иднината на Европа.

На оваа тема г. Фурер го образложи и проектот - "Разнолични релации", кој има за цел, практично, на теренот да се пропагираат предностите на различноста, а во овој проект е потребно да се вклучат сите сегменти на општеството. Националните Комитети би требало транснационално да се поврзат. Станува збор за транснационално поврзување на БиХ, Македонија, Југославија, Албанија, Бугарија, Молдавија, Романија, Словенија, Унгарија и Грција.

Советот на малцинствата во Хрватска може да учествува во различни структури на овие национални Комитети, но треба да биде подготвен да понуди различни проекти кои ќе ги содржат различните интереси, но и комбинацијата од поврзаноста со другите на овој простор.

„Прашањето за националните малцинства и нивната улога во општествениот живот на Хрватска, е многу важно и релевантно за односите меѓу Европа и Хрватска, рече г-ин Фурер, напомнувајќи дека на просторите на некогашна СФРЈ е присутно од 1992-та година.



*Г-ин Ханс Петер Фурер со членовите на Советот*

Фурер смета дека Хрватска има направено значителни чекори по прашањето на малцинствата, но изрази и загриженост во името на Советот на Европа по прашањето на Уставниот закон за правата на националните малцинства.

Според неговите зборови, Советот тежи кон еднаквост на сите граѓани со зачувување на сите етнички обележја, за правилно и недискриминирачко претставување, како во општествениот живот така и во политичките и претставничките структури на власта.

Советот на Европа, преку Пактот за стабилност се обидува да создаде средства и можности за стабилност на ова подрачје, но и за прашањата за заштита на малцинствата. Фурер смета дека треба да се обрне особено внимание на имплементацијата на Законот за заштита на малцинствата, што подразбира заштита на поединецот-припадник на малцинска група, но и целокупниот статус на малцинството во нивниот колективитет.

За проблемите со кои се соочуваат, г. Ханс Петер Фурер, разговараше и со претставниците на српското и ромското малцинство во Хрватска, интересирајќи се за желбите и можностите на колективитетите во срединитe во кои живеат.

На седницата стана збор и за активностите околу изготвувањето на Уставниот закон за малцинствата, кој сеуште е во процедура.

*А. Ц. Арежина*

# ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 140-ГОДИШНИНАТА ОД ИЗЛЕГУВАЊЕТО НА ЗБОРНИКОТ

Значајниот јубилеј на македонската културна историја, 140 - годишнината од излегувањето на Зборникот на браќата Миладиновци (1861 – 2001), Друштвото на писателите на Македонија ќе го одбележи заедно со Струшките вечери на поезијата. На одржаната прес – конференција, Друштвото на писателите ја изнесе изготвената програма која започнува на 21 јуни во Скопје, во просториите на Друштвото, каде претседателот на писателската асоцијација, д-р Веле Смилевски, ќе зборува за местото, улогата и значењето на браќата Миладиновци, а по тој повод се предвидени и артистички и музички сегменти.

Јубилејот ќе биде одбележан и во Ѓаково, Хрватска, почнувајќи на 23 јуни, кога освен одбележувањето на 140 - годишнината од излегувањето на Зборникот, во овој град ќе биде одадена и почит кон личноста на бискупот Јосип Јурај Штросмаер. За тој ден е закажано одржување **вечер на македонската поезија**, а во недела, на 24 јуни, на денот на излегувањето на Зборникот, делегацијата на Друштвото на писателите на Македонија и на Струшките вечери на поезијата, ќе положи венци на гробот на бискупот Јосип Јурај Штросмаер и на бистата на браќата Миладиновци, што треба да биде поставена во Ѓаково.

Ревијата "Стожер" двобројот за мај и јуни, според Програмата, целосно ќе му се посвети на одбележувањето на Јубилејот, а ќе биде одвоен и простор за презентација на македонско – хрватските културни и литературни врски. Беа промвирани објавените два коверти за поштенски марки со ликот на браќата Миладиновци на кои стои и јубилејниот датум, реализирани од писателската асоцијација и Бирото за филателија. Презентирана беше и донесената одлука од Друштвото на писателите на Македонија (ДПМ), професорот, д-р Горан Калоѓера, проректор на Риечкиот универзитет, осведочен македонист, кој е автор на неколку книги посветени на македонско хрватските книжевни релации, да биде примен за почесен член на Друштвото на писателите на Македонија. Професорот Калоѓера е проучувач и афирматор на делото на Миладиновци.



*Браќата Константин и Димитар Миладинов*

ХРВАТСКИОТ АМБАСАДОР ВО МАКЕДОНИЈА ПРИМИ ДЕЛЕГАЦИЈА НА ДПМ

По повод престојното одбележување на 140 – годишнината од излегувањето на Зборникот на браќата Миладиновци, амбасадорот на Хрватска во Македонија, Александар Милошевиќ, прими делегација на Друштвото на писателите на Македонија. Делегацијата во состав Веле Смилевски и академик Гане Тодоровски го информираше Милошевиќ за програмата за одбележување на 140 – годишнината од излегувањето на Зборникот на Браќата Миладиновци, посебно за делот од програмата што ќе се одржи во Хрватска. Делегацијата на Друштвото на писателите на Македонија, на Милошевиќ му врачи писмо во кое се бара негова заложба за откривање биста на браќата Миладиновци во Ѓаково. Во писмото се вели дека "појавувањето на златната книга на македонската преродба, Зборникот на Миладиновци, означи една од важните нишки на македонско – хрватските литературни и културни врски".

И годинешниве Струшки вечери на поезија, кои јубилејно ќе бидат одржани по 40 пат, ќе поминат и во знакот на јубилејот на двајцата македонски великани. Имено, најавена е промоција на поезијата на Константин Миладинов на хрватски јазик, така што во Струга ќе бидат поканети да учествуваат истакнати хрватски поети и препејувачи на неговата поезија. Во рамките на Деновите на браќата Миладиновци организирани од Заедницата на Македонците во Република Хрватска, за 23 јуни во Ѓаково е планирано одржување собир на кој ќе учествуваат проф. Станислав Марјановиќ кој ќе говори за местото и улогата на бискупот Јосип Јурај Штросмаер, како и промоција на хрватското издание на поезијата на Константин Миладинов, каде како автор на предговорот се јавува д-р Борислав Павловски. Поезијата ќе биде преведена од поетите, преведувачи, членови на Друштвото на хрватските писатели, се споменуваат: Славко Михајлиќ, Анте Стамаќ, Љерка Цар Матутиновиќ, Јакша Фиаменго, Алдо Климан и Сибила Патлески.

Заедницата на Македонците во Хрватска, своето списание "Македонски глас", двобројот 26 – 27 за јуни 2001, ќе го посвети на животот и делото на браќата Миладиновци, а, пак, за септември е најавено презентирање на македонско – хрватски и хрватско – македонски речник, кој ќе содржи 4.500 зборови.

Во врска со низата проверени и непроверени информации во јавноста за поставување две бисти на книжевните великани од македонска и бугарска страна, претседателот на Друштвото на писателите на Македонија, Веле Смилевски, напомена дека она што досега се знае како информација, е дека барањето за поставување на спомен биста во Ѓаково, иста како, во Струга, упатено од струшкиот до градоначалникот на Ѓаково, е препратено до повисоките хрватски истанци, и дека, сѐ уште, нема официјален одговор на истото "Хрватска треба да покаже разбирање за пиететот кон македонското барање за поставување на бистата, зашто Струга се гордее со бистата на Јосип Јурај Штросмаер" – истакна Смилевски.

# ЈУБИЛАРНА, ДЕСЕТТА

Во Загреб на 12-ти јануари 2001-та година се одржа традиционалната Македонска вечер. Тоа е манифестација на којашто со веселба го одбележуваат почетокот на Новата година Македонците со своите пријатели и си пожелуваат сé најубаво - по десетти пат. Постарите Македонци во Загреб веднаш ќе речат: "Како десетта? Ние Василица одамна си ја славиме". Во право се, но фактот што десет години во организација на Заедницата на Македонците и МКД "Крсте Мисирков" како малцински организации, се организира ова веќе на многу Загрепчани позната манифестација, радува и исполнува со задоволство. Задоволството е дотолку поголемо што повторно се зголеми бројот на посетителите. Гостите пак, кои ја прифатија поканата, нé обврзуваат да ја одржиме оваа традиција.



По првпат, нас како загрепчани, нé почести со своето доаѓање градоначалникот на Загреб госп. Милан Бандиќ со соработниците и прочелникот на градскиот Уред за култура г-ин мр. Драгутин Палашек со својот заменик. Исто така со задоволство ги пречекавме и поздравивме: амбасадорот на Р. Македонија во Р. Хрватска г-ин Сервет Авзиу, амбасадорот на Р. Хрватска во Р. Македонија г-ин Александар Милошевиќ, главниот викар на загрепската надбискупија монсињорот Владимир Станковиќ, госпоѓата Сњежана Бига Фригановиќ застапница во Хрватскиот Собор, секретарот на комисијата за верски односи госп. Фрањо Дубровиќ, секретарот на општината Самобор г-ин Драгутин Купиќ, претставници од Матицата на хрватските иселеници, претседателот на МПЦО Св. Злата Мегленска г-ин Лазар Тошанов, потпреседателот на Заедницата на Македонците г-ин Иван Качуров и членовите на групата "Доромб" при унгарското друштво "Ади Ендре". Забележителни беа и бројните познати лица од ТВ екраните, дојдени како пријатели со нашата реномирана артистка Костадинка Велковска која во име на организаторот ги поздрави гостите.



*Драги гости: амбасадорот Себрет Авзиу и градоначалникот Милан Бандиќ*

Со препознатливите тонови на песната "Македоско девојче" е отворена десеттата Македонска вечер. Беа потребни само неколку тактови од песната и просторот за играње беше претесен. Не можејќи да се дочека орото да дојде до секој дел од салата, се правеа и по неколку наеднаш. Никој не остана да не се фати во оро. Како и секогаш и оваа вечер обилуваше со неочекувани но посакувани средби на познати, пријатели или школски другари.

Насолзените очи кај разиграните во орото означуваа дека токму во тој момент се свири нивната песна, која со брзината на молњата ги враќа во далечните роднокрајски предели и ги потсетува на одамна изминатите настани. Неуморен играорец

# МАКЕДОНСКА ВЕЧЕР

беше и господинот Милан Бандиќ кој заедно со Венка Паризоска го отворија блокот на хрватски забавни танцови што еднакво ги израдуваа разиграните.

Македонската музичка група "Академци" од Скопје, член на македонската естрада предводена од Методи Богданов прекрасно ги интерпретираа преубавите македонски но и хрватски мелодии што ја исполнуваа атмосферата. Ова им беше прво гостување кај нас. Утрото не можеа да веруваат дека вака благодарна публика живее во Загреб.

Нивното доаѓање и враќање го помогна и Македонската авиокомпанија "Авиоимпекс" од Скопје.





## Благодарност на донаторите

Без добрината на нашите членови невозможно е да се дочекаат вака бројни, повеќе од 550 гости. Нивните донации овозможија да се организира лотарија во која среќата си ја пробаа поголем број од присутните. Најмалку што можеме да сториме е од сé срце да им се заблагодариме на сите донатори што во овие, за стопанисување, тешки времиња одделија дел од своите производи и услуги:

1. господин Ѓорѓи Думчев
2. господин Бранко Зефиќ
3. "Алкалоид" Загреб д.о.о.
4. "Кроација Ерлајнс", Загреб
5. годподин Евениј Лукарев
6. Стоматол. лабораторија Борисов
7. господин Лазар Ивановиќ
8. господин Христо Ивановски
9. госпоѓа Бранкица Јовановска
10. Госпоѓа Менка Лозановска
11. "Тетекс" Загреб д.о.о.
12. госпоѓа Мирјана Љубишиќ
13. "ВЕМАКС" д.о.о - В. Горица

Нивните прилози ни овозможија да оствариме скромен приход со кој се набавени: две гајди, тапан, зурла, кавали, шупелки, а покриени се и најголем дел од трошоците за успешно работење на нашето друштво.

Се надеваме дека во идната година ќе добиеме уште поголема поддршка како од донаторите така и од лицата што презедоа обврска дека ќе работат во интерес на друштвото.

В. Јовески

# МАКЕДОНСКА ВЕЧЕР

## СРЕЌАТА И ЗЛАТНИКОТ ОВАА ГОДИНА ЗА ВАСКА ДУНОВСКА

Македонското културно друштво "Илинден" од Риека свечено започна со одбележувањето на 10 годишнината од постоењето на друштвото.

На 13-ти јануари во 1991-та година пред Василица, откако успешно делуваа Илинденците, го негуваат својот инидентитет и културните богатства од својата татковина и успешно соработува со другите национални малцинства, кој живеаат и делуваат на овој простор. Друштвото е основано спроти Света Василица, македонскиот верски празник кој спрема Јулијанскиот календар ја означува Старата Нова година, па така прославувајќи ја 10 годишнината, симболично ја дочекавме и Новата година, рече претседателот на "Илинден" и воедно претседател на Заедницата на Македонците во Република Хрватска Илија Христодулов, кој спомна како по прашањата на мултикултуралностите ниеден град не му е равен на Риека.

Македонскиот признат и познат музички вокален состав "БОЕМИ" од Битола навистина вечерта направи вистинска празнична атмосфера. Со својот разновиден репертоар од македонскиот, па и хрватскиот мелос кај гостите предизвикаа незаборавно задоволство, задоволство за паметење.

Вечерата беше богата со неизоставното "гравче во тавче", пријатна вечер, добра томбола, награди: ТВ Грундинг 51 см, авионска карта за Скопје, две автобуски карти за Македонија, две за Венеција, 2 карти во непознато, две бродски карти за Дубровник, и многу други, а povisorot се најде во рацете на Гена и Владо Јовановски.

Госпоѓа Евгенија - Гена Јовановска и овојпат нé изненади и до солзи нé насмеа со својот "врабец"-рецитацијата која леташе од маса до маса, од член до член , со многу згоди и шеги за секого по нешто да се види што чинеле во изминатата година, но онака за шега.



*Претседателот Илија Христодулов го води орото*

Посебно беше возбудливо кога се чекаше кој ќе го добие златникот во традиционалниот василички зелник специјално приготвен за таа вечер, кој беше поставен среде салата. Од осумте поделени парчиња од зелникот златното паричe се најде во рацете на Васе Дуновска која беше посебно радосна и возбудена. Теле-

Според програмата за 2001-та година одбележувањето на десетгодишнината е планирана за почетокот на април о. г. со свечена седница и забавен програмски дел, со надеж за учество и на нашите сонародници од другите македонски здруженија во Република Хрватска.

В. Н.

# МАКЕДОНСКА НОЌ ВО ПУЛА

Најголемата средба досега на сите Македонци од Истра, шеста по ред, Македонска ноќ, се одржа на 12 јануари во новиот објект на автокампот Би Вилиџ крај Пула. Иако картите за оваа средба бавно се продаваа, причина за загриженост навистина немаше, бидејќи претходните пет одржани Македонски ноќи и пет летни културни смотри Денови на македонската култура, станаа мошне популарни настани во општествено-културниот живот на Истарската жупанија. Традиционално овие собири давале можност двата народа, македонскиот и хрватскиот, взаемно поубаво да се запознаат низ презентација на културните, уметнички и забавни содржини и форми.





Групата „Боеми" од Битола

Шестата македонска ноќ се одржа во присуство на претседателот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, инж. Илија Христодулов, потоа голем број претставници на друштвата и заедниците на народностите и етничките групи во Истра, пријатели од Приморско-Горанската жупанија, Културното друштво "Илинден" од Риека. За сесрдната ангажираност на МКД "Кочо Рацин" од Пула, веќе неколку години наназад, на овој македонски собир беа врачени награди (уметнички слики), што им ги врачи претседателката на Друштвото Славица Сагадин, која и самата беше меѓу наградените, а неа признанието ѝ го предаде г-нот Христодулов. Како што секојпат се случува на вакви средби, беше навистина весело и разиграно, за што свој придонес дадоа гостите од Битола, групата "Боеми" во соработка со домаќините ВИС "Бонита" од Пула. Предложено беше вакво дружење, под името Истарска ноќ да се организира во Скопје или Битола, со што ќе се воспоставaт нови насоки за меѓуетнички соживот и соработка.

**Ратко Димовски**

## ЖЕНИТЕ, УБАВИНАТА И ЦВЕЌЕТО

По повод 8-ми Март денот на жените, секцијата на жените на МКД "Кочо Рацин" од Пула, во сабота на 3-ти март, организираа излет на традиционалниот саем на цвеќиња и хортикултура во Порденоне - Италија.

Во четири големи павилјони беа изложени бројни трајници, дневни букети на цвеќе, венци, гирланди и аранжмани. Според зборовите на Македонка Стојановска, акцентот на оваа голема стопанска изложба, беше ставен на хортикултурното осмислување на околината и зачувувањето на еко системот, што остави длабок впечаток на триесетина жени, привлечени од оваа позната изложба.

Така на оваа голема површина, се сретнаа убавината на жените, осмислената еколошка хортикултурна средина, со гарнитури на летни бавчи, камини, цветни леи, фонтани и цела низа коси, мали градинарски машини и алати.

По враќањето од овој излет, автобусите беа полни со цветни аранжмани, џбунови и други цветни убавини, кои најверојатно оставија впечаток и на мошне сериозните и строги цариници, кои сретнати со толку убавина, беа мошне претсетливи, и како секогаш крајно доследни.

Р. Д.

# СЕ ПРЕДОМИСЛИЛЕ



*Барем овој еден ден - послужување од кротките мажи.*
*МКД "Кочо Рацин" Пула*

За прославата на овогодишниот Ден на жените 8-ми Март, во МКД "Кочо Рацин" во Пула, жените најавија дека токму тој ден, нема ништо да зготват, ниту измесат, онака според адетот и веќе утврдениот ред, за да не ги разгалат мажите, мачејќи се, готвејќи и спремајќи, а тие вистински да се гостат и прославуваат. За таа вечер беше најавена порачка на пици, колку ќе треба а пијалакот, послугата, па дури и музиката, им беше задача на мажите, да се покажат. Навистина, работата стана многу сериозна, што дури и трема нé фати.

Но жените, добри во душата и овојпат попуштиа, та масата заличи на изложба на македонски специјалитети. Тоа беше прилика меѓу себе да си ги разменат готоварските специјалитети и искуствата во приготвувањето на слатките и останатите десерти. Меѓу осумдесетината жени, мажите се сведоа на ангажирано малцинство, кое до доцна навечер послужуваше, настојувајќи секој од нив да остави колку е можно подобар впечаток.

Во целата прослава по се судејќи, најлошо помина разнесувачот на такси-пици, кој се искачи неколкупати до вториот кат натоварен со џамбо пици, од големиот избор на неговата фирма.

За развеселување и разонода со својата музикалност се погрижија мажите, покажувајќи ги своите знаења од вокално инструменталните изведби на народните песни и популарните евергрини. При ова шансите им беа значителни, бидејки во друштвото им останаа на располагање синтисајзерот, гитарите, тарабуката, тапанот, дури и дајрето, а инструменталниот состав и музичките педагози си заседоа неутрален став. Така целата приредба се одвиваше во весел тон на избирање таленти. Тоа се одрази и на фотографиите снимени со дамската мини камера што ја донесе во својата торбичка една од славеничките.

За оваа прилика, друштвото им подари на присутните жени саксии на расцветените примули, циклами, зумбули и друго сезонско цвеќе.

Р. Д.



*Специјалитетите беа добри*

### ВО РИЕКА ПРОСЛАВЕН НАРОДНИОТ ПРАЗНИК

# ПРОЧКА

На 25-ти февруари во клубот на "Илинден" многу членови го прославија македонскиот народен празник Прочка кој се слави со векови. Младите одат кај постарите за да им бидат простени гревовите. Но и постарите бараат простување на своите грешки и голема љубов.

По празничниот ручек и младите и старите излегуваат заедно на општествена свеченост, на ората сред село, или на плоштадите во градовите, каде луѓето меѓусебно си ги простуваат гревовите, бидејќи од тој ден почнуваат великите пости по повод Велигденските празници во кои треба верникот да влезе ослободен од секакви недоразбирања со другите луѓе.

Во сите храмови на Македонската православна црква на Прочка се отслужуваат свети богослужења на кои во проповедите богослужителите нагласуваат дека на овој ден и небото и земјата си ги простуваат гревовите. Така беше и во нашиот клуб, не сред село, не на плоштад туку во клубот, каде педесетина членови си простија еден на друг, си ги раскрстија сите недоразбирања ако постоеле меѓу нив.



Целувка за Владо Настески



Покладни маски и носии

Прославата продолжи со веселба. Мнозина беа и облечени по тој повод, скоро да не ги препознаете. Васка беше вистинска Мексиканка, Гена како да е дојдена од Шуте Оризари Скопско, младите во народна носија, Киро нé развеселуваше со гајдата, Илија беше организатор на амкањето со јајцата. Вистина беше весело, нас постарите родени во Македонија Прочка нé врати многу години наназад во младите денови, во родните краишта.

Сигурен сум дека можеби и карневалските денови во Приморето не натераа и ние да се вратиме кон нашето традиционално минато, па и случајноста ПРОЧКА и КАРНЕВАЛОТ да се одржат истовремено во Риека.

В. Н.

## SPLITSKO-MAKARSKI NADBISKUP ČESTITAO MAKEDONSKOJ OPĆINI BOŽIĆNE BLAGDANE

Nadbiskup Splitsko - makarski nadbiskup mons. dr. Marin Barišić s nadbiskupom u miru mons. Antom Jurićem u četvrtak 4. siječnja 2001. godine je prigodom božićnih blagdana primio izaslanstvo Makedonske crkvene općine "Sv. Naum Ohridski" i Makedonskog kulturnog društva "Makedonija" u Splitu i Makedonske zajednice Splitsko - dalmatinske županije predvođene Ivonom Music Nedelkovskom, predsjednicom MPCO "Sv. Naum Ohridski" iz Splita.

Zahvalivši se na pruženoj ljubavi i podršci Makedonskoj pravoslavnoj crkvi Nedelkovska je izrazila nadu da će se suradnja na obostrano zadovoljstvo nastaviti, istaknuvši pritom kako primjer suradnje Katoličke i Makedonske pravoslavne crkve može poslužiti ostalima.

Music-Nedelkovska je u ime poglavara MPC-a, arhiepiskopa g. Stefana pozvala nadbiskupa Barišića da posjeti Makedoniju.

Nadbiskup dr. Marin Barišić je kazao kako bi se veselio kad bi sada na početku novog milenija imali zajednički Božić koji nam je u ostalom i zajednički, jer Isus Krist je i katolički i pravoslavni. Dakakao kad to kaže, mislim i datumski da ga zajedno slavimo, rekao je d-r Barišić, a zatim izrazio nadu da će MPC u novom tisučljeću dobiti svoju autokefalnost.

I. Luetić

## MOLITVA ZA JEDINSTVO KRŠĆANA

U povodu svjetske molitvene godine za jedinstvo kršćana, koja traje od 18. do 25. siječnja 2001. godine održan je 20. siječnja u najstarijoj Katedrali na svijetu - prvostolnici Sv. Duje u Splitu središni molitveni susret za jedinstvo kršćana pod geslom "Ja sam put istina i život". Ekumensko bogoslužje predvodio je Splitsko - makarski nadbiskup mons. Dr. Marin Barišić uz koncelebracije mons. d-r Josipa Delića generalnog vikara i prof. dr. don Nedeljka Ančića, predstojnika Vijeća za ekumenizam i dijalog Splitsko - makarske nadbiskupije. Slavlju ekumenskog bogoslužja sudjelovali su aktivno i predstavnici Srpske pravoslavne zajednice u Splitu te Makedonske pravoslavne općine "Sv. Naum Ohridski" u Splitu sa svojim vjernicima predvođeni Ivonom Music Nedelkovskom, predsjednicom i Perom Gruevskim.

Ova molitvena osimina za jedinstvo kršćana 2001. događa se u splitskoj Katedrali. Naša drevna katedrala svjedoči nam jedan, onda nezamisliv, ali, eto realan događaj. Ovdje se dogodilo jedan revolucionaran korak.: prijelaz od poganstva na kršćanstvo, od hrama idola i mauzoleja progoniteljau Božji hram i hram kršćanskih mučenika... rekao je u svojoj nadahnutoj propovijedi nadbiskup Barišić, a zatim između ostalog kazao: "Ovdje smo, braćo i sestre, na molitvi večeras mi kršćani, pravoslavci i katolici. Obično se kaže da mi nismo daleko jedni od drugih, da nam je toliko toga zajedničkog, da nam nedostaje samo jedan mali korak do međusobnog jedinstva. Da, to je točno, ali nikada se ne može na putu učiniti onaj drugi korak prije prvoga, a taj korak nam je svima potrebit: korak je to istinskog obraćanja u svojoj Crkvi, i svoje Crkve Kristu".

I. Luetić



# MAKEDONCI U SPLITU PROSLAVILI BOŽIĆNE I NOVOGODIŠNJE BLAGDANE I POČETAK NOVOG MILENIJA

Makedonska crkvena općina "Sv. Naum Ohridski" u Splitu organizirala je u ponedjeljak 8. siječnja 2001. godine za vjernike Makedonske pravoslavne crkve proslavu Božića. Blagdan Isusova rođenja obilježen je dan kasnije zbog nedostatka svećenika kada je iz Skoplja doputovao svećenik izaslanik MPC gospodin Marjan Tanevski. Svečana Sveta liturgija održana je u crkvi časnih sestara Službenica milosrđa Ančele.

Na koncu bogoslužja, izaslanik MPC g. Marjan Tanevski je pročitao i poruku koju o blagdanima vjernicima upućuje g. Stefan, arhiepiskop ohridski i makedonski s kršćanskim božićnim pozdravom: *Hristos se rodi!*

Nakon svete liturgije, priređeno je u hotelu "Split" primanje za gradske i županijske uzvanike. Tom prigodom obilježen je Dan svetog Nauma Ohridskog - Zaštitnika Makedonske crkvene općine u Splitu. Po narodnom je običaju priređena domaća makedonska zakuska, gdje se do kasno u noć pjevalo i igralo. Sudjelovalo je KUD "Salona" iz Solina sa spletom hrvatskih i makedonskih narodnih igara i pjesama.

Voditelj KUD su bili Nebojša Boban i Igor Ciceric. Koreografija



*KUD "Salona" iz Solina i Pero Grueski - tapan, u makedoskoj narodnoj nošnji, za vrijeme nastupa u Hotelu "Split" prigodom proslave božićnih i novogodišnjih blagdana*



spleta makedonskih kola je Pero Grujevski. Voditeljica cjelovečernjeg programa je Lenče Maganjić.

Organizirana je i bogata lutrija, u kojoj je svaka kupljena srećka garantirala dobitak.

Počasni pokrovitelj "Makedonske večeri" bilo je Gradsko vijeće grada Splita s predsjednikom prof. dr. Ivom Šimunovićem. Sponzori su bili hotel "Split" i poduzeće "Promet" iz Splita.

I. Luetić

# РЕДОВНА ГОДИШНА СКУПШТИНА НА МКД "КРСТЕ МИСИРКОВ"



*Работно претседателство*

Овогодишната редовна скупштина на МКД "Крсте Мисирков" се одржа на 7-ми април 2001-та год. во просториите на друштвото.

Додека пристигаа гостите и членовите на друштвото, пеачката група "Распеана Македонија" под раководство на госпоѓа Живка Иванец ја разведелуваше атмосферата со сплет на старогардски македонски песни.

Во името на амбасадата на Р. Македонија во Загреб присутните ги поздрави г-ин Владимир Крстевски, советник во амбасадата. Тој истакна дека Македонија направи напори да се осигура безбедноста на Републиката и по дипломатски пат е дадена меѓународна подршка. На политички план се донесени одлуки по пат на дијалог да се надминат настанатите проблеми.

Господин Лазар Тошанов, претседател на МПЦО "Света Злата Мегленска" ги поздрави присутните со желба за успешна понатамошна работа и меѓусебна соработка.

Амбасадорот на Република Македонија во Република Хрватска г-ин Сервет Авзиу испрати писмо до МКД "Крсте Мисирков" со благодарност за организацијата на настапот на Ансамблот на народни игри и песни на Македонија "ТАНЕЦ", на 26-ти март 2001-та год. во Загреб.

За дневен ред беше предложена реализација и финансирање на програмата на друштвото во минатата година.

Претседателот на друштвото г-ин Иван Качуров ги изнесе активностите на друштвото, односно на секциите. Во минатата година сите секции: фолклорната, народниот оркестар, пеачката, групата на везилки и спортската секција "Илинден 1903-та" имаа до 20 настапи. Само да изнесеме некои од нив: гостување во Риека кај МКД "Илинден" и во Осиек кај МКД "Браќа Миладиновци", настап на смотрите на малцинствата во Загреб, настап на пеачки групи во театарот "Трешња", смотра на фолклорни групи во Плетерница, "Рибарски тједан" во Цриквеница, годишен концерт на МКД "Крсте Мисирков" и други.

Господин Вукашин Јовески, секретар на друштвото ја прикажа бруто билансата за 2000-та год. Со многу скромни финансијски средства успешно се изведени многубројните активности.

Во дискусиите на членовите беше истакната подршка на Управниот одбор за понатамошна успешна работа, но се дадени и некои корисни сугестии за други активности како што е прославата на значајни културни и историски настани од минатото на македонскиот народ.

Во врска со пописот на населението во Република Хрватска е нагласено дека Македонците слободно можат да се изјаснат за својата национална и верска припадност и мајчин јазик.

На скупштината е истакнато дека сите Македонки и Македонци, без оглед дали имаат македонски пасош, треба да се јават во амбасадата на Р. Македонија во Загреб заради евиденција на иселениците од Македонија во Хрватска.

Од Скупштината е испратена писмена подршка до македонската јавност и државните органи за мирно разрешување на настанатите политички проблеми во Македонија.

Скупштината заврши со скромен коктел.

Д-р Марко Паризоски



*"Распеана Македонија"*

# RAZLIČITI ZAJEDNO

Osječki Trg Ante Starčevića bio je preduskršnjeg vikenda stjecište nekoliko tisuća građana, među kojima su iznimno aktivnu ulogu u zbivanjima odigrali članovi MKD "Braća Miladinovci".

Naime, u organizaciji osječkog Gradskog poglavarstva, na glavnom osječkog trgu održana je manifestacija pod nazivom "Šarena jaja bojama grada" koja je zamišljena kao preduskršnji program u kojemu su se predstavili aktivnim udjelom, kulturno-umjetnička društva i udruge nekih nacionalnih manjina i zajednica, te dječji zborovi i Dječje kazalište, da bi uslijedio završni nastup velike skupine od 1400 djece iz povorke nazvane "Cvjetni korzo".



*Vokalna skupina "Vardarki"*

Lijep, sunčan dan i multimedijska najava događaja pogodovali su da se tisuće građana slijevaju ka trgu i tako svjedoče, među svim lijepim stvarima, i iznimno uspjeloj makedonskoj promociji na otvorenoj sceni. No, krenimo redom i kažimo da je MKD "Braća Miladinovci" za svoje predstavljanje imalo na raspolaganju veliki štand, te također veliku binu za svoj scenski nastup. Treba li napomenuti da su obje prilike iskorištene na najbolji mogući način? Svoje vrijeme predviđeno na pozornici uspješno su ispunili članovi vokalne skupine "Vardarki", koji su za ovu prigodu otpjevali makedonske standarde "Biljana platno beleše" i "Bitola, moj roden kraj", te "Milo Libe" koju je izvela solistica Milka Mađarić uz pratnju Janka Popovskog na harmonici. Ovakav odabir pjesama se pokazao odličnim potezom, jer su nazočni pozitivno reagirali na njima dobro poznate melodije. Na taj način je ukazano na prisutnost i aktivno sudjelovanje MKD-a u ovim veselim zbivanjima. Taj nastup, koji su obilježile i makedonske narodne nošnje, ponukao je mnoge da potraže naš štand. A on je bio posebna priča. Ukrašen ručno vezenom čipkom, izloženim slikama i makedonskim suvenirima, najviše je pozornosti privlačio izloženim specijalitetima nacionalne kuhinje, te domaćim kolačima, što su ih pripremile vrijedne članice kulinarske sekcije našeg udruženja.

Apsolutni hit bili su gravče na tavče, tulumbe i baklave, koji su "planuli" pod naletom slavonskih gurmana, ali vjerujte nam na riječ da do kraja ovog ugodnog skupa nije ostao niti jedan jedini đevrek za ponuditi, iako nije nevažno napomenuti da je to bila prodajna izložba - dakle, sve je imalo svoju novčanu protuvrijednost.

Iako su i ostali izlagači i sudionici imali što za ponuditi i predstaviti, sve ovo daje nam za pravo ustvrditi kako je ovo bio najposjećeniji kutak na cijelom trgu i još jedan veliki korak ka promociji, ne samo puke nazočnosti makedonske zajednice na ovim prostorima, već i njezinom organiziranom sudjelovanju u svim vidovima života grada Osijeka i regije.

Slobodan Kuzevski



*Maja i Marina ispred makedonskog štanda*

### ЗА(БЕЛЕШКА) БЕЗ ГРЕШКА

# Од ненамислено... среќа

Според веќе забележан стандард, сите убави работи најчесто се нестварни... Ама тоа е според стандардот... За стандардот да биде потврден потребни се исклучоци.

Случајните работи, случајно се случуваат... Така, сосем случајно и без видна намера, во Заедницата на Македонците во Хрватска, пред речиси четири години, Сузана Банева и Михајло Димевски ни оддалеку не ја замислуваа својата иднина како заедничка. Но, денес, Бојана, нивната неколкумесечна ќеркичка, покажува дека исклучоците ги потврдуваат правилата.



*Сузана Банева со ќерката Бојана*

Имено, Сузана, родена во Скопје по мајка е Хрватка, а по татко Македонка. Во 1996-та година доаѓа од Скопје во Загреб со намера тука да продолжи да работи во Универзитетската библиотека. По струка е технолог. Во 1997-та година Сузана решава своето слободно време да ѝ го посвети на Заедницата, односно да се ангажира во мешаната пеачка група „Распеана Македонија". Михајло во тоа време игра мал фудбал за тимот на Заедницата - „Илинден 1903-та". На Собранието во Риека, нивните патишта се испреплетуваат....

Михајло е роден во Загреб, но најизменично годините ги минува малку во Загреб, малку во Куманово, па за себе со восхит вели дека е Кумановец по табиет. Работи како компјутерски дизајнер на аудио и видео спотови во фирмата „Grey".

Двајцата, тврдат дека Заедницата е "виновна" што тие се заедно...

Навистина, малку невообичаено... ама точно. Со основањето на семејството, моментално имаат премалку време за дружење во Заедницата, но кога Бојана ќе застане на свои нозе... со насмевка потврдуваат, веројатно ќе ги одвлече на местото каде што е родена нивната љубов...

И најверојатно, Сузана, која и покрај намерата никогаш повеќе да не запее во "Распеана Македонија", ќе ѝ се врати на својата стара пасија, а Диме, како што сите го викаат Михајло, ќе има можност да провери дали компјутерскиот стол има моќ да му ја одземе сета кондиција.. со која пред неколку години успешно ги бранеше боите на тимот на Заедницата..

Но, тоа се планови за во иднина. А тие, плановите, и можноста за нивна реализација најмогу ќе зависат од засега најважниот член на семејството - Бојана. Воедно... Бојана е и еден од најмладите членови на Македонската заедница... Кој знае можеби додека таа потпорасне во Заедницата ќе се основа и хорче за предучилишни деца... "Македонски колибри"... кој знае??? Случајните случки, случајно се случуваат...

А. Цако Арежина

# ХУМАНОСТ НА ДЕЛО

**Д-р Олга Ангеловска** позната и мошне ценета лекарка, специјалист гинеколог, доктор на ултразвучната дијагностика во превентивата, воспитувач на младите, особено оние што наскоро ги очекуваат сите "сцили и харибди на мајчинството" од 3-ти март оваа година стана член на првата организирана единица на *Business Partners Woman*, односно граѓанската, непрофитабилна организација за промоција на производните, стопанските и другите општествени насоки на претприемчивите менаџерски ориентирани жени, спремни своите замисли да ги стават во функција на производството и стопанството.

Оваа организација, прва од ваков вид на подрачјето на југоситочна Европа во земјите во транзиција, е организирана во Пула, а претседателка е Алида Перков, референтка за односите со странство во Стопанската Комора во Истра. По иницијатива на нејзините соработнички и д-р Олга Ангеловска, идејата за вакво организирање на жените, наскоро ќе биде остварена и во Република Македонија, каде се сторени првите чекори, на овој, еден од највисоките видови еманципацијата на деловната жена и промоцијата на способноста и инвентивноста на жените.

Од дипломирањето на Медицинскиот факултет во Скопје во 1978-та година, една година работеше во Институтот за патологија, но нејзиниот немирен дух ја води низ превентивата на општата пракса низ многу мали подрачни амбуланти сé додека на 30.8.1980. година не го започна својот работен опус во Пула и Истра. Со нејзината предана работа и непосреден однос се запознаени жителите од внатрешниот среден дел на Истра, во околината на Тињан и Св. Ловреч.

Постдипломските студии на ултразвучната дијагностика ја заврши во 1989-та година во Загреб, при што со големото разбирање и помош на проф. д-р Асим Курјак успеа да навлезе во најсовремените текови и сфери на клиничката пракса и современата методологија.

"Со специјализацијата во 1991-та година во Риека, како и сето тоа што порано го остварив, сметав дека сум ги создала само условите за една предана работа во гинекологијата." Младите многу порано стекнуваат одредени сексуални искуства, кои без едукација на планот на превентивата можат да им создадат големи проблеми". "Меѓу најбитните прашања се хигиенските норми како и информирањето од областа на превенцијата на венеричните и други заболувања", ни рече д-р Олга Ангеловска.

Познати ни беа нејзините активности и акции кога со своите колеги се заложуваше за создавање материјални средства за набавка на апаратура за ултразвучна дијагностика во превентивата, за потоа, низ залагањето на Здружението на жените на градот, Лигата за борба против ракот и некаде 103 други фактори како правни субјекти и граѓани на Пула и Истра, да се стори уште поголем чекор во набавката на колор доплер апарат, за што на ѕидот во пулскиот гинеколошки оддел стои голема мермерна плоча на благодарност. Секој свој работен ангажман и успех во работата го смета како резултат на довербата, воспоставена особено со младите, од што во многу ќе зависи исходот на сите напори создадени на тој план.



*Д-р Олга Ангеловска*

Откако ни останаа најсуптилните прашања, омилени во "жолтиот печат", за љубовта на докторката Олга Ангеловска, таа со вообичаената нејзина ведрина и насмевка ни ги призна сите свои три љубови:, нејзината 13-годишна ќерка Сашка, ученичка во седмо одделение, музички надарена. Свири гитара, тренира карате и во последно време е вљубен хакер на Интернетот.

Втората љубов е нејзината 83-годишна мајка Христина, која предано работела во болницата, дури ја одгледала и школувала.

Третата љубов е нејзиниот пријател Младен, со кој по тешкотиите и недоразбирањата во својот брак, најде доследно разбирање, дури и надополнување, како јинг и јанг, па на патувањата и проводите никогаш нема крај. Неизоставна порака на д-р Олга Ангеловска е "Нема причина на институцијата на бракот ни децата, за теревоги и недоразбирања во животот, кој треба навреме да се реши".

Р. Димовски

**NA TRAGU NAJSTARIJIH MAKEDONSKO-CRNOGORSKIH VEZA (3)**

# "ROMEO I JULIJA" KĆERKA MAKEDONSKOG CARA SAMUILA KOSARA I DUKLJANSKI/ ZETSKI KNEZ VLADIMIR IZMEĐU POVIJESTI, LEGENDE, MITA I MISTIFIKACIJE




U prva dva rada "Makedonskog glasa" (br. 23, 2000. i 24, 2000., 29-30 i 26-27) fiksirali smo da je kršćanstvo prva spona makedonsko-crnogorskih veza, da su dukljanski/zetski knez Vladimir i kćerka makedonskog cara Samuila Kosara ostali obilježeni u književnoj historiji, kulturologiji uopće, kao prvi "Romeo i Julija" kod južnoslavenskih naroda. Zapravo, u *Kraljevstvu Slavena*, koje je do nas došlo u latinitetu, kao *Regnum Sclavorum* (17. stoljeće), tj. u drugom dijelu njegove strukture nalazi se *Žitije zetskog kneza Vladimira*. U stvari, to je legenda, kako smo to i naglasili u ranijem radu, o uznesenoj ljubavi i tragičnoj sudbini Vladimira i Kosare, legendi, koju je, po svoj prilici, još u XI. stoljeću napisao Grgur Barski ili kako se on često citira u ranijoj literaturi kao anonimni Zećanin iz Krajine - Pop Dukljanin. Zapis je sačuvan samo fragmentarno kao XXXVI. poglavlje *Kraljevstva Slavena*. I ova je legenda, poput cijelog Dukljaninova spisa, po svom književnom karakteru latinska. Pobliže rečeno, vrela su joj uglavnom latinska i žanrovski historiografska i hagiografska. Ona je, u stvari, žitije Vladimira, patnika i mučenika i kao takva predstavlja martirološki žitijni žanr. Zapravo, ona u sebi nosi elemente zapadnoeuropske literature, elemente latinskih hagiografija, mada se ne može sa sigurnošću tvrditi, kako to ističu neki crnogorski proučavatelji, da je napisana u duhu epske pjesme, a niti je inspirirana zapadnoeuropskom viteškom poezijom koja je označena kao *shanson de geste*.

O Vladimiru dukljanskom (zetskom) povijesno se zna to da s njim počinje slobodna Crna Gora. Njegov je otac Petrislav (Petar) čiji je lik sačuvan



*Car Samuil*

na olovnom pečatu. On je izgleda u tom ranom periodu još uvijek bizantijski arhont. Vladao je u drugoj polovici X. stoljeća. Grgur Barski, ili Pop Dukljanin, konstatira da je njegov (Petrislavov) sin Vladimir bio "mlad i prelijepog stasa" i izgleda da je u to vrijeme kad je preuzeo vlast nad slobodnom zemljom, veoma brzo dopao nevolja, a to zasvjedočuje i činjenica da se oženio tek onda kad ga je snažni i ekspanzivni makedonski car Samuilo strpao u odaje svoje surove tamnice. Dakle, u to vrijeme Vladimir nije više bio bizantijski vazal, arhont, već zapravo zetski knez. U vrijeme kad pada u tamnicu makedonskog cara Samuila, Makedonija se proglašava snažnom carevinom kojoj su trebale pripasti široke oblasti drugih zemalja, pa i sama Zeta. I upravo u tim ekspanzivnim pohodima prema drugim zemljama, Samuilo je i zarobio Vladimira. Poznato je da se on kao čovjek "pravičan i pun vrlina" (Skilica) žrtvuje kao vladar za svoj zetski



*Beaz - kule*

narod, a to se moglo desiti koncem X. stoljeća, točnije po Zlatarskom oko 999. godine kad je zapao u Samuilove tamnice. No, kako je makedonski car imao više kćeri, jedna od njih Kosara pošla je da obiđe tamničara koji je već u priči slovio dukljanskim knezom/kraljem i "prelijepim stasom". Ugledavši ga mlada, lijepa, bistra, bogobojažljiva, kakva je i sama bila Kosara, ona se od prvog trena zaljubljuje u Vladimira duhovnom a ne tjelesnom ljubavlju. Molila je oca da ga oslobodi sužanjstva i da se uda za njega. Njezin otac Samuilo, vodeći računa da ima više kćeri i da ih treba poudavati, odobrio je taj duhovno uzvišeni brak. Ubrzo je, uz pomoć svog prijatelja Samuila, Vladimir povratio svoju dukljansku državu, ali je nedugo iza toga izgubio svoj život jer ga je 22. svibnja 1016. ubio Samuilov nasljednik. Poginuo je, dakle, daleko od svoje voljene zemlje Duklje/Zete.

Zasigurno se zna da je Kosara nakon trideset mjeseci (1019) prenijela Vladimirovo tijelo u Krajinu. Od toga trenutka oko njegova groba počeo se stvarati svetački kult, a za to su postojali svi preduvjeti: pravedan život, istaknuta povijesna pozicija i njegova društvena uloga, mučeništvo i nasilna smrt te uzvišena duhovna ljubav njegove prelijepe Kosare koja postaje nakon smrti muža sveticom-monahinjom. Tek od njezina skončanja života, Vladimir i Kosara ulaze u carstvo mita i legende. Stvaraju se o njima pjesme i mistifikacije njihove ljubavi i života.

Uzvišenoj apoteozi ljubavi Vladimira i Kosare posvetio je i Tomo Vokal svoju čuvenu pjesmu čije zadnje kitice prilažemo kao spomen njihova duhovnog jedinstva:

"Nastala si čudom Stvoritelja / gdje se igra ponositi Oro, / čojstvom sita, / junaštvom napita / Domovino - Crna Goro. (...). Montenegro Evrope ljepoto, / Crna Goro raskošnijeh boja, /tu ti mjesto, tu ćeš i ostati, / očuvana i na svome svoja. / Nastala si čudom Stvoritelja / gdje se igra ponosito Oro, / duhom sita, pregnućem napita, / Domovino - Crna Goro".

I na koncu: najsrdačnija zahvala "Makedonskom glasu" na čijim sam stranicama u skiciranim obrisima izložio makedonsko-crnogorske veze, koje su u daljnim povijesnim tokovima i složenim društvenim i kulturnim uvjetima dvaju naroda, makedonskog i crnogorskog, uzrijevale do bezgraničnih univerzalnih visina (KRAJ).

Prof. dr. sc. Milorad NIKČEVIĆ

## ISPRIKA

U prošlom 24. broju "Makedonskog glasa", 2000, na str. 26-27 previdom je izostala naznaka drugog nastavka studije *Na tragu najstarijih makedonsko-crnogorskih veza* prof. dr. sc. Milorada Nikčevića i njegovo ime zbog čega mu se u ime čitatelja i u svoje ime iskreno ispričavam!

Glavni urednik "Makedonskog glasa"

### ТРАДИЦИОНАЛНА КУЛТУРНА МАНИФЕСТАЦИЈА ВО РИЕКА

# - *БОГАТСТВО ВО ЗАЕДНИШТВО* -




Со отворањето на изложбата "Словаците во Хрватска" на 26-ти јануари 2001-та година во Риека започнаа смотрите на националните заедници и малцинства под назив "Богатство е да се живее во заедништво", кои за разлика од лани траеја 5 дена.

Обраќајќи им се на многубројните припадници на 12 малцински заедници и здруженија кои делуваат во Риека и на нивните гости претседателката на Градското собрание на Риека, г-ѓа Зорица Јерковиќ, рече збор е за манифестација, која не само што станува традиционална, туку зазема истакнато место во календарот на градските настани. По иницијативата на Одборот за прашања на етничките и националните заедници и малцинства, Етно-смотра се разви во значајна манифестација која ја афирмира мултикултуралноста и мултиетичноста на градот Риека и го чини препознателен, рече Јерковиќ.

На присутните им се обрати и градоначалникот Војко Оберснел кој рече дека благодарејќи на многубројните малцинства Риека постана место отворено за сите кои вистински го сакаат овој град без оглед на народноста.

МКД "Илинден" настапи со две програми на 27-ми јануари во салата на Филодраматика со изложбата на академската сликарка **Емилија Дупарова**, родена во Сплит, а живее и работи во Риека, инаку е асистент на Филозофскиот факултет. Изложбата ја отвори ликовната критичарка **Наташа Шегота - Лах**, која рече дека изложбата претставува одраз на авторичин спомен, "кој охрабрува свој животен-сликарски дневник со отворени погледи кон поминувачот. Медитерански сокови на смеата, солзите, морето, растенијата, сложеност во каменот, кои се прикажуваа како екран со слики на мали деца, браќа, мајки, татковци, полица со оставени работи, црн ѓавол кој ја обљубува белата жена, сполност живо пробудена..."

Во следната програма вечерта следеше промоција на книгата "РАЦИН ВО ХРВАТСКА", од авторот **проф. д-р сц. Горан Калоѓера**. За книжевниот опус на Калоѓера зборуваше проф. **Алдо Клима** од Пула кој посебно го истакна истражувачкиот напор на Калоѓера за Рациновите книжевни оставини, за Рациновиот престој во Хрватска, за дружбата со многуте хрватски писатели во триесетите години, кој денес се веќе великани во хрватската книжевна стварност.

Посебен впечаток остави **Костадинка Велковска**, позната драмска глумица и шансониерка, која ги рецитираше стиховите на Рацин, за што присутните ја наградија со топол аплауз. Исто така на излодбата и на претставувањето гости беа ВИС - "ТРИО" од Љубљана, под раководство на **Зоран Митев**, обоа.

В. Н.

POPIS RACINOVIH RADOVA IZDANIH U HRVATSKOJ

- pjesma **Sinovi gladi**, Kultura IV/6-7, 1928.
- skica **Rezultat**, Kritika IV/4-5, 1928, Zagreb.
- članak-studija **Hegel**, Literatura 1/6, Zagreb, 1931.
- novela **U kamenolomu**, Literatura II/1, 1932, Zagreb.
- odlomak romana **Opijum**, Literatura III/5-6, 1933, Zagreb.
- pjesma **Do eden rabotnik**, Književnik IX/4, Zagreb, 1936.
- pjesma **Tutunovi berači**, Naš vjesnik I/1, Zagreb, 1937.
- pripovijetka **Podne**, Kultura I/1-2, Zagreb, 1937. (pseudonim N. Pejko)
- pripovijetka **Jedan život**, Kultura II/2, Zagreb, 1937. (pseudonim N. Pejko)
- pjesma **Smrt asturijskog rudara**, Radnik II/67, Zagreb. (pseudonim N. Pejko)
- zbirka **Beli mugri**. Samobor, 1939.
- teoretski članak **Razvitak i značenje jedne nove naše književnosti**, Radnički tjednik I/23, Zagreb, 1940.
- novela **Rezultat**, Kritika IV/4-5, Zagreb, 1928.
- pjesme **Sečač** i **Pamučna vlačarnica**, Glas omladine II, Zagreb, 1936, (pseudonim Bodžo)
- pjesma (nadnaslov) **Makedonska pjesma**, naslov **Pejsaž**, Pučki kalendar, Zagreb, 1937.

# „ВЕЗИЛКА“ - СЕКЦИЈА ЗА НАРОДНИ РАКОТВОРБИ

Секцијата за народни ракотворби - „ВЕЗИЛКА“ при МКД „К. Мисирков“ од Загреб е формирана во 1997-та г. и тоа со единствена цел: ***да ја продолжиме традицијата на рачна работа што ја негувале нашите мајки и баби.***

Познато е дека во Македонија до неодамна се садел памук, се одгледувала свилена буба...., а вредните раце отсекогаш пределе, везеле, ткаеле, плетеле... и на тој начин се создавал прекрасен производ: везен чаршав, ткаен ќилим, плетени чорапи, прекрасна народна носија...

Љубовта кон народното богатство и желбата да не се заборави таа вековна традиција ги соедини неколкуте истомисленички во секцијата под наслов „ВЕЗИЛКА“. Во пријатно другарување и негување на македонскиот јазик везилките изработуват убав и траен предмет (честитки, салфети, шамичиња, слики...), а инспирирани од богатството на народното творештво.

Програмата за работа на секцијата во 2001-та г. е прилично амбициозна. Ги покануваме сите заинтересирани (без оглед на возраст и искуство) доколку сакаат да ни се придружат, да дојдат во просториите на друштвото (Масарикова 16/1) кадешто работиме секоја среда од 18 - 20 часот.

***Анка Рабузин, дипл. инж.***

Г-ѓа Анка е стручна водителка на секцијата и нејзин идеен зачетник. Родена е во Струмица (с. Моноспитово) во фамилија и средина која отсекогаш негувала повеќе видови рачна работа. Така, вели дека уште како мала научила да преде и везе, а покасно и да плете и изработува тапесерии. Во таа насока и продолжила со школувањето и студиите (завршила средно текстилно училиште во Штип и Технолошки факултет во Загреб). Досега има направено поголем број употребни и декоративни предмети везени, плетени, ткаени, во макраме техника, таписерии... за себе, роднините и пријателите. Своето искуство и знаење со љубов го пренесувала и на своите ученици од Текстилната школа „Забок“ во Забок кои и оствариле неколку изложби.

Г-ѓа Анка вели дека од секогаш ја воодушевувал погледот на прекрасните носии како и на другите видови народни ракотворби кои претставуват големо богатство на секој народ што ги има.

И на крајот, различните техники на рачна работа нудат неограничена можност за стварање голем број употребни и декоративни предмети со трајна вредност. Зошто вредните раце на везилките не би оствариле еден дел од тие можности?

***Нада Борштќак***

Родена струмичанка вели дека почнала да везе уште кога била мала. Нагласува дека инаку во струмичкиот крај рачната работа отсекогаш била многу застапена и мисли дека таа традиција треба да се негува. Член е на секцијата од нејзиното формирање.

***Силвана Петкоска***

Родена е во Битола и активен е член на секцијата, а нагласува дека причини за тоа се љубовта кон народното творештво, пријатното дружење и негувањето на мајчиниот јазик. И денес изработува плетени (хеклани) чаршафи, а со везењето се запознала со вчленувањето во секцијата.

***Лозена Сабо***

Во секцијата е уште од формирањето, а посебно ја привлекува пријатното дружење и изработката на убави везени предмети.

***Мери Периќ***

Родена скопјанка нагласува дека до вчленувањето во секцијата везела гоблени, а други техники на везењето не знаела. Кога ја направила првата везена честитка и сама се изненедила и уверила дека не е тешко и може да се научи. Активен член е на секцијата бидејки има голема љубов кон народното творештво, а ја привлекува таквиот вид на дружење.

***Елизабета Жугај***

Се вклучи во секцијата затоа што везењето и причинува големо задоволство и релексација. Ја радува пријатното дружење со останатите членови на секцијата.

***Мирјана Келечиќ***

Во секцијата е од неодамна и никогаш пред тоа не везела ништо друго освен гоблени и изработувала тапесерии во една од техниките. Вели дека и сама се изненадила колку брзо научила 5 бода од везењето и направила честитка. Посебно ја импресионира сознанието што сé нуди везењето и какви предмети можат да се направат везејќи.

***Биљана Рускова***

Вели дека за секцијата дознала од својата пријателка - Мирјана. Знае да плете (хекла), а со везењето се запознава со доагањето во секцијата.

Анка Рабузин

# НИЕ НЕ СЕ ЧУВСТВУВАМЕ БУГАРИ

Со голема вознемиреност ги примивме информациите дека владата на Р. Бугарија покренала иницијатива за подигнување споменик на Димитрија и Константин Миладиновци во Ѓаково, Република Хрватска. Со тоа нашиот источен сосед сакал да ја изрази благодарноста кон браќата Миладиновци за нивниот придонес кон ширењето на "бугарската култура, на бугарското народно творештво", мислејќи, се разбира, на познатиот Зборник на народни умотворби, подготвен од Димитрија и Константин, што во 1861-та година излезе од печат во Загреб во печатницата на Анте Јакиќ.



*Ристе Миладинов со синовите Димитар и Костантин*

Сакаме да Ве информираме дека ниту ние денес, како директни потомци на семејството на Ристе Миладинов (чии синови се, покрај другите деца, и Димитрија и Костантин), ниту пак кој и да е од нашата фамилијарна лоза не сме се чувствувале како Бугари, ниту во нашите домови некој некогаш проговорил бугарски збор. Затоа со голема непријатност ги доживеавме инсинуациите кои продолжуваат да се плетат во соседна Р. Бугарија за божем бугарските чувства на нашите претци и за бугарскиот карактер на Зборникот во целина.



*Спомен дом на браќата Миладиновци во Струга*

Во нашето семејство со најголема почит се чува споменот на Димитрија и Константин и на нивниот татко. Јас, на пример, го носам неговото име, додека моите синови се викаат Димитрија и Константин. Така било и во претходните четири поколенија - во сите нив машката челад ги носи имињата на своите големи претци.

Оттаму доаѓа големиот револт што го чувствуваме кога толку лесно се фрла таков срам врз нашата фамилија.

*Ристе Миладинов,*
*со своите*
*Димитрија и Костантин*

"Pjesma nas je održala"

# "VARDARKI"

Početi priču o vokalnoj skupini "Vardarki" znači krenuti, u prvom redu od ogromnog entuzijazma i snažne volje njezinih članova da unatoč nedostatku odgovarajućeg prostora koliko-toliko redovito vježbaju (jedanput tjedno, ako ima sreće, što jest redovito, ali nedovoljno za želje i planove) i vrlo često nastupaju na koncertima, bilo samostalnim ili u sklopu prigodnih priredaba kao sudionici ili gosti. Upravo nastupanja na priredbama su (apsurdno, ali istinito) ujedno i idealna prilika za uvježbavanje nastupa na tim istim priredbama, jer su tako česta, a imaju jednu neoborivu prednost - naime, mjesto nastupa uvijek je unaprijed poznato i osigurano, što se ne može reći za prostorije za redovito vježbanje.

Sve ovo morali smo spomenuti kako bi se dobila slika o uvjetima u kojima djeluje ova, više nego uspješna glazbena sekcija pri MKD "Braća Miladinovci" iz Osijeka, koja je oformljena prošle 2000. godine, kada je na redovitoj Godišnjoj skupštini MKD-a imala i svoj prvi nastup. Od tada je prevaljen veliki put.

Njihova uloga nije samo pjesma i svirka, već oni svo ovo vrijeme kada naše Udruženje još uvijek nema adekvatan prostor, predstavljau okosnicu i stožer oko kojega se okupljaju i oni članovi koji nisu aktivno uključenu u tu sekciju. Na taj nas način, dakle, drže na okupu. I tu leži njihova najveća snaga i zasluga. Osim toga, ne samo da njeguju očuvanje makedonske pjesme na ovim prostorima, već ju prenose i čine dostupnom i onima koji nikada nisu niti imali doticaj s makedonskom kulturom i njezinim nadaleko poznatim melosom. Oni pak, kojima je sve to dobro poznato, koriste svaku priliku da dođu, čuju i osjete taj ritam i melodiju.



*Sa nastupa na "Trećim danima braće Miladinov" u Đakovu*

Osim tradicionalnih pjesama, "Vardarki" imaju na repertoaru i hrvatske narodne pjesme, ali i nekoliko novokomponiranih makedonskih koje su skladane u tradicijskom stilu. Riječi za njih napisala je članica skupine Nada Žagar, a uglazbio ih je suradnik voditelja - Janko Popovski.

I kada smo već kod imena, spomenimo da je voditeljica glazbene sekcije Jagoda Treneska-Cvetičanin, a članovi su Marina Grbavica, Andrijana Galović, Gordana Čubrilo, Jagoda Janić, Maja Činčurak, Dušica Cvetkovski, zatim solistice Milka Mađarić i Ksenija Menkovska, te kao muška podrška Brane Vujadinović i Ljupčo Tanevski.

Hrvatska televizija je o njima snimila širi prilog i emitirala ga u multinacionalnom magazinu "Prizma".

Već po imenima se može primijetiti da ne vuku svi članovi makedonske korijene, što samo svjedoči kako je taj melos ljudima blizak i omiljen.

Uvjereni smo da će njihov trud i ljubav prema pjesmi naići na plodno slavonsko tlo i da će se na taj način još proširiti i onako širok krug štovatelja makedonske glazbe.

Slobodan Kuzevski



*Makedonsko oro*

# »ТАНЕЦ« ВО ЗАГРЕБ







Во организација на фолклорниот ансамбл "ЛАДО" и Заедницата на Македонците во Република Хрватска од Загреб, на 26 март во концертната сала на "Ватрослав Лисински" гостуваше ансамблот на народни игри и песни на Македонија "ТАНЕЦ".

Присутните гледачи беа воодушевени со квалитетната програма на игри, народни обичаи, песни и носии чие фолклорно богатство претставува идентитет и историја на македонскиот народ. За Македонците во Хрватска тој настан беше празник кој долго време ќе се памти.

Во својата благородна културна мисија ансамблот "Танец" е во постојана и тесна соработка со македонските иселеници.

Во своето педесетгодишно постоење "Танец" има одржано над 3.500 концерти, настапи на фестивали и други културни приредби, со над осум милиони посетители. Пет децении "Танец" е име - симбол на македонската култура. Тој е подвижен музеј на она најубавото, исконското, непроценливото фолклорно богатство - амблем на македонската култура и уметност.

За успешноста на ансамблот зборуваат големиот број награди, дипломи, благодарници и признанија. Меѓу нив посебно треба да се истакнат Републичките награди "11 Октомври", "Климент Охридски" и "13 Ноември" на Град Скопје.

Б. Ј.



# KONCERT MAKEDONSKIH I HRVATSKIH PJESAMA

Još jedan koncert dobre volje održala je vrlo aktivna vokalna skupina "Vardarki" i tako potvrdila več izrečenu misao da su članovi te grupe ljudi velikoga, toploga srca.

U dvorani Gradskog kotara "Gornji grad" u Osijeku, 19. veljače ove godine, svoju redovnu godišnju skupštinu održalo je Društvo za zaštitu od dijabetesa, a nakon službenog dijela održan je program koji su u cijelosti ispunili članovi muzičke sekcije MKD "Braća Miladinovci". Ovaj vrlo posjećeni skup sjajno je reagirao na izvedeni program satkan od makedonskih i hrvatskih pjesama, a za mnoge prisutne koji nisu imali prilike biti upoznati s aktivnošću MKD-a u Osijeku, a time naravno i "Vardarki" i njihovim sve većim repertoarom pjesama, bilo je to izuzetno ugodno iznenađenje.



*Nastup vokalne skupine "Vardarki"*

Ovo smo saznali nakon izvedenog programa, tijekom ugodnog druženja i domjenka na kojem su se sklapala nova prijateljstva, a "Vardarke" i Makedonci svojom otvorenošću prijatelje stječu s lakoćom.

Slobodan Kuzevski

## КОНЦЕРТ НА МКД "КРСТЕ

# *ПРАЗНИК ЗА ОЧИ,*



*Вокалната група "Распеана Македонија"*

Овогодишниот концерт на МКД "Крсте Мисирков" од Загреб беше посветен на познатиот македонски поет КОСТА РАЦИН.

Концертот е одржан на 12-ти декември 2000-та год. во салата на "Бродарски институт".

Од поканетите гости присутни беа г-ин Владимир Левар од Градското градоначалништво на Загреб, г-ин Владимир Крстевски советник на амбасадата со гостите од Македонија, г-ин Хасан Лахај претседател на КУД "Шкендија" ("Искра") во пратка на госпоѓица Зибиде Зибери членка на претседателството на друштвото.

Во изведба на програмата учествуваа секциите на друштвото: вокалната група "Распеана Македонија" под раководство на госпоѓа Живка Иванец, играорната група "Оро" под раководство на проф. Иван Качуров, музичката група "Т'га за југ" под раководство на проф. Стефко Качуров и везачката група "Везилки" под раководство на госпоѓа Анка Рабузин.

Како гости на концертот учествуваа тамбурашкиот оркестар и фолклорната група на КУД "Весели Пригорци" од Јесеновац под раководство на господин Стјепан Болшиќ и во кореографија на професор Иван Качуров.

Поздравувајќи ги гостите и сите присутни водителот на програмата на почетокот ги истакна врските меѓу хрватската и македонската култура а еден од зачетниците беше и поетот Коста Рацин печатејќи ја својата збирка на песни "Бели мугри" во Самобор во 1939-та год.

Програмата ја започна госпоѓа Анастасија Цако - Арежина рецитирајќи песни од Кочо Рацин со нежна музичка пратка на гитара и клавир.

Со инспирација на родниот велешки крај на поетот, вокалната група "Распеана Македонија", играорците на "Оро" и оркестарот "Т'га за југ" ја изведоа песната "По поле одат аргати".

"Распеана Македонија" со изведба на познатите македонски песни "Ајде, ајде моме Стојне", "Песна ви пеам Македонци" и "Ој ти пиле, славеј пиле" им ги разгали душите на сите присутни. Потоа изведоа сплет на македонски песни: "Са ноќ седам Трено", "Јас те пратив на вода Калино" и "Праша ли Тинке мајка ти".

Гостите "Весели Пригорци" кои недавно ја прославија 30 годишнината на својата дејност се претставија со песни од Пригорје: "Четрдесет крајцаров", "Пригорске сем горе лист" и "Млада снеха" и со ората "Ој Пригорје", "Буњевачко надигравање" и ора од Посавина.

Посебна радост на гостите им подари малиот армоникаш Томислав Шушњар, ученик на проф. Иван Качуров со изведба на две хрватски песни.

Госпоѓа Стојанка Тежак членка на вокалната група како солистка ја изведе песната "Дали знаеш либе".

Играорната група "Оро" претставувајќи ја првата година на својата дејност изведе сплет на македонски народни ора: "Трно моме", "Лесното", "Пајдушката" и "Скопско оро - црногорка" во кореографија на раководителот проф. Иван Качуров.

## МИСИРКОВ" ОД ЗАГРЕБ

# *МЕЛЕМ ЗА ДУША И СРЦЕ*

Посебна воодушевеност на присутните гости им приредија сите учесници во програмата со изведба на песната "Једна је Хрватска".

Везачката група "Везилки" се претстави со пригодна продажна изложба "Везена честитка - убав и траен поклон". Интересот за извезените честитки - уникати беше поголем од изработениот број, така да многу заинтересирани купувачи овој пат останаа без овие убави новогодишни подароци.

В. и М. Паризоски



*Играорната група "Оро"*



*Музичката група "Т'га за југ"*

# ДРАГО ГЛАМУЗИНА

## Гласови

Го сторив тоа.
Станав,
си налеав пијалак,
го вклучив радиото,
ја пронајдов третата програма
на која пријатен глас
читаше есеј за хрватското
воено писмо,
запалив цигара,
ги тргнав завесите,
седнав на високиот стол
што стоеше крај прозорецот,
неколку минути го слушав оној
пријатен глас, потем
го привлеков телефонот
и го свртев бројот на пријателот
кого пред две седмици
го пуштија од психијатриската болница.

Ми рече дека пие таблети и чека
повторно да му се вклучи мозокот.
Потем раскажуваше за гласовите што
го прогонуваат.
Го прашав дали и мојот е меѓу нив,
а тој одговори дека е,
но дека со него нема проблеми.
Малку молчевме, а потоа јас реков
дека ми е мило што го чув,
дека имам работа,
и дека морам да поклопам.
Поклопив,
отпив голтка коњак,
појдов до кујната
и ѝ реков на жената:
Ете, го сторив тоа.

## В трамвај

Се разделуваат на плоштадот.
таа моли да се одвезе со неа една станица со трамвајот,
да биде уште малку
заедно, тој вели дека не моде, дека касни
на работа, потем, кога таа влегува,
влегува на задниот влез,
се пробива низ навалицата и застанува зад неа.
Ја гледа.
Таа го вади мобителот и вика.
Тој се прашува кого вика.
Не моде да добие врска па повторно вика.
И повторно.
Трескавоста со која вика му зборува
дека станува збор за ваден повик.
Се приблидува до самиот нејзин грб, сака да чуе со кого ќе
разговара пет минути
по нивната разделба.
Минаа веќе три трамвајски станици кога таа конечно
проговори.
Го бара него, во неговата фирма, но портирот вели
дека уште не се вратил.
Устата му се развлекува во насмев.
Нејзината уста се затегнува.
Станува бесно, сигурно дека не сакаше со неа в трамвај
зашто брзаше кај друга.
Трамвајот запира, вратите се отвараат, таа зачекорува
и со крајчето на окото го здогледува
покрај себе.
Излегуваат.
Таа се смее.
Кој си ти садист, вели, 15 минути дивотински го притискам тој
број. Се смее.
Мило ие е што бил со неа во трамвајот,
што се заедно.
Тој исто така се смее, вели дека гледал во нејзиниот грб,
дека го сака нејзиниот грб.

Драго Гламузина е роден во 1967-та година во Вргорец. Дипломирал Компаративна книжевност и Филозофија на Филозофскиот факултет во Загреб. Работи како новинар. Поезија и критика објавувал во списанија (*Književna revija, Rukovet, Quorum, Republika, Vijenac, Zarez*), весници и на радио. Ја приредил книгата: Andrija Maurović *Kandaul-erotska ostavština*, Nacional/TV Extra, Zagreb, 2000. Оваа година му е објавена збирката песни *Mesari*, knjiga pjesama, Naklada MD, Zagreb, 2001.

Превод од хрватски доц. д-р сц. Августина Гулеска Хајдиќ

## РАТКО ДИМОВСКИ

### ПЕЛАГОНИЈА

Секогаш лична, убава,
ѝ го косат златното жито,
престилка лисја тутунски,
таква е мојата Пелагонија.

Водите течат во порои,
Шемница матна надошла,
шамија од магли завила,
личната Пелагонија.

Ѕвонците ѕвонат од баирот
стадата овци доваѓаат.
Зраците на зајдисонце,
образите и ги вцрвуваат.

Есента тропа на порти,
в пазуви грозје, бостани,
босилок венец исплела,
мојата Пелагонија.

Приспивна песна на штурците,
хорот на жабите од водата,
со далечен глас на утката,
во најубав сон ја успиваат.

Како ѕвездите на небото,
низ полето светат селата,
ко златен ѓердан на градите,
на личната Пелагонија.

### PELAGONIJA

Uvijek lijepa, prekrasna,
kose joj zlatno žito,
pregača duhanski listovi,
takva je moja Pelagonija.

Bujice vode potekle,
Mutna Šemnica, nadošla,
maramu magli obvila,
lijepa Pelagonija.

Zvonca zvone sa pašnjaka,
pristižu stada ovaca.
Zraci sunčanog zalaska
rumen su njezinog lica.

Jesen već kuca na vrata,
u njedrima grožđe, bostani,
sa vijencem od bazilike,
moja je Pelagonija.

Sa uspavankom cvrčaka,
zborom žaba iz bara,
dalekim glasom buljine,
zasipa Pelagonija.

Poput zvijezda na nebu,
svud poljem svijetle se sela,
ko zlatna niska na grudima,
prelijepe Pelagonije.

# ДЕТСКАТА КЛЕТВА

Дождот со денови турива, тргнале воѓето од Пелистер, низ доловите и вододерините од Магарево, Трново и Лавци, се пуштиле матни, запенети низ Драгорот, шумолат, бучат, плачат и офкат со цела низа гласови, собрани од земјата, низ коритe, од исконот. Ветерот се заинатил во борбата со крошните на стеблата, им ги витка гранките, за да ги искрши, но тие итри од итроста со векови збрана, голема старост дочекале, сè вака, војуваjќи со ветриштата. Ваква ноќ во планината, исполнета е со други гласови, од некој залутан волк, кинисан кон далечните трла во удолништето, шумот од крилјата на утка, што тргнала во лов, седелата да ги пљачкосува или некој глушец да фати.

Воденицата цела се треси. Водите надошле низ јазовите, а долапите закочени со години стојат. Никој рака жито не сомлел, дека дошле други времиња, адети и вкусот на брашното од под камен, во кого крцкаат зрнца камен со мирисба на огнот од кременот, одамна излегла од мода, па брашното се купува по самопослугите, бело, сеано, во фишеци наредено. Токму за мазници праење, но кој ќе ти го сучи денес мазникот, билим снаа ми, си помисли стариот Серафим, си ја почеша под палариjата, веќе одамна избелената коса. Го погледа детето свиткано до него, со наметната бела ткаеница, до брадата покриено со јамболијата, што само очињата му светат. Ист како син му Никола, кога бил на негова возраст. Сега татко му и мајка му се на шетање до Владивосток, ами потака? Дедо, ете ти го Ташко, умира по тебе, бери му го гајлето и снајди се како знаеш, а осумдесеттата, што не ја паметам, одамна поминала, сепак, сполај му на господа, здравјето ме крепи. "Каков, пак, сум бил во тоа време јас и мојата убавица Јованка, господ душата да й ја прости!?"

Плочата од груб камен на селските гробишта, сега дождот ја измива. Трендафилите што некни ги оставив и солзите, скришум, но од срце што ги проронав, изменени се, можеби, вцрпени во земјата, стигнале до неа. "Клинци и бакрачи, што стигнува до таму? "Штом душата й е во рајот отидена, само коските останале, а бре што снага беше, која љубов, кој мерак?!" Го истаи шамивчето, си ги избриша очите, божем, потта од челото ја трие.

"Дедо! Дедо, зошто ти се солзни очите?"..."Зошто ти, бе ашлак, не спиеш?" Ми рече:" Носи ме воденица! Еве те доведов, качамакот го сваривме, млекце му туривме, ошавче од суви круши и јаболка зготвивме, сиренце си каснавме. "Што сакаш уште ? " Се плашам, од она цвилење и крцкање, божем, мечка, или некој поголем стаорец, па ушите да ни ги изеде и тебе и мене, па ќе имаме дури тогаш зошто да плачеме". "А бе, кој плаче, магаре ни едно, тоа е од ќумбево од чадот." "Ами, не е од чадот, ќумбево убо си горит." "Само нека си гори, за да ти е топло, ама од ламбава е, чадит ." "Еве, дедо, пак, крцка, требавме со време дома да си појдиме, а вака... Има ли духови, вампири и вили во стариве воденици? " "Никој освен мене." Се поднасмеа старецот. "Дедо, ти не си вампир ! " "Не, туку старо вампириште."

Младоста сум ја минал во оваа воденица, една вила сум видел и сум ја запознал, си помисли

Масло на платно: Александар



Серафим. Од тој чад очите ми засолзија... "Нема", кусо одговори тој. "Тоа што бучи и цвили е долапот, стегнат и закован. Со време си мислев нов да направам и да го заменам, но остарев, толку е силата."

"Од кај се тогаш прикаските за вампирите и духовите во водениците?" "Море, спиј си, народо си лафи, што ќе му текне, малку страв в коските да си собере и да си ја стесни и зароби душата !" Речиси се подналути старецот. "Дедо!" "Што е сега?" "Знаеш ли ти некоја од таквите прикаски, ајде раскажи ми!" "Ќе ти ја раскажам, ама потоа ќе спиеш без збор!"

"За вампирите ли е?" "Како се земе, сега слушај и молчи!"

"Царот наредил, сите кози да ги испотепаат, оти шумата ја брстеле и никој тогаш не смеел коза да има..." "Ама шутраци, бе дедо, од кај им тогаш козјото млеко?" "Имало кравјо и овчо, ама козјото не смеело да се има, сепак и тоа скришум народот го имал. Дома си ги криел козите во ќералите и шупите, ги молзел, јадел јарешко месо, пиел козјо млеко и сирење правел. Така и дедото Ѓорѓија Талев си имал една коза и две јарињa, мали, весели и убави, бели како млекото. Децата со нив си играеле, само во градината, околу ќералот и никаде подалеку." "Што, за да не ги види полицијата ?" "Не, бе полиција, тогаш немаше ни полиција." "Што велиш, дедо, и таа како козите ?" "Не, како козите, туку инаку се викаше, милиција да не ги види." "Замолчи и слушај, за нешто да не заборавам. Не само неговите внуци, туку и другите деца, кај нив се збираа со јарињата да си поиграат и тогаш се палавеа, по некогаш и пакос ќе сторea. Меѓу нив најпалаво беше детиштето од кираџиите, што чекаа виза за Австралија, да им се реши, па да си заминат..." "Ама, дедо, ти, вистината, ли ја прикажуваш ?" "Молчи бе и слушај, сказна е како и секоја друга."

"За Петрета ти зборував, беше некаде твоја возраст." "Што петто одделение ?" "Да толкав беше." "Се качуваше по емишите, лубеници крадеше низ бавчите, прав им фрлаше пред нозете на коњите и магарињата на пазарџиите, за да се исплашат и заирето да го расфрлаат по патот. Затоа некогаш и милицијата го бркаше, но, сепак, многу не се разликуваше од другите врсничињa. Еднаш на дедото Ѓорѓија козата му ја искачи на Бадем Балари, кај цевките од водоводот, а стариот идит од Лавци со магарето, шума од багрем, уште расцутена, врз самарот тоарена." "Чекај, бе дедо, козите да не ја јадат шумата, а овој самарот со гранки тоарен, не ли го запрел некој милицаец?" "Тоа сакам, да си ми умен, како и на училиште, милицијата сѐ занела, можеби и за козата, ама во умот си рекле: Пушти го стар човек. Убо си ја спастира сермијата, никому не му смрди, нити му пречи и зошто со него баљата да си ја создаваме? Кога ги здогледал козите на ридот, Ѓорѓија се саштисал, потрчал така шишко, како што бил, уште и од задув боледувал и како без душе горе се искачил, та си ги збрал козата и јарињата, детето убо го искарал, но не го тепал, штом не било од неговите.

Петре и тоа бргу го заборавил, му ги пуштил козата и јарињата во марулите, па сите му ги испасле и уште сливите му ги обрстиле и стеблата ги оштетиле, имало уште многу зијани. Што давија правел палавиот Петре, ама на децата во тие години, ни тогаш многу за лошо не им се земаше, освен ако таткото не го оплете некојпат со ременот, или некоја му врзеше за да се отрезни. Детево на Ѓорѓија, толку мака му создаде, што одвај го дочека денот за да си заминат. Пристигнал камионот, пљачките ги товараат, а Ѓорѓија се радува, што куртулил од бељата". "Море, дедо, да не си јанглаш, камионот и вампирите?" "Токму, така, сега молчи и слушај натаму!" "Не беше лош дедото Ѓорѓија, тоа и Петре го знаеше и затоа многу се зачуди, седејќи згора на камионот, кај пљачките, кога стариот се загна, крена еден камен од јајце поголем, дури се исплаши, дека ќе го удри со него, во што не сакаше ни да поверува. Впрочем тој не го мразеше дедото, дури го сакаше на некој свој детски начин. Ѓорѓија го гледаше каменот во раката, го вртеше и размислуваше. Не знам дали, воопшто, размислуваше или лошото одеднаш прозбори од него. Го фрли каменот кон Драгорот, што се слушна кај удри во некоја карпа и падна во водата, па прозбори: Слушај Петре, кога каменот ќе се врати на местото од кај што го зедов, ти овде да се вратиш !" "Чекај, бе дедо, ами татковината, роднините, родниот кат, како можел тоа да му го стори? " "Море, дете, лошото со лошото си иде, што Петре му прозборил, не со детски, туку со некој длабок машки глас, како од оној свет. Господ да ми прости, да доаѓа." "Дедо Ѓорѓи, каменот да го најдеш и да си го прибереш, на местото од кај си го кренал, оти златен Господ, нема душата да ти ја земе ни да ја прибере, додека тоа не го сториш. Низ рекава како улав да акаш, ко волк да завиваш, што ноќе децата од тебе да се плашат и прикаски за тебе да кажуваат ! Што мака, јас олкаво дете ти создадов, со таква клетва да ме проколнеш?"

Во тој момент оттука минувал еден друг старец, висок и слаб, во ветво, но убаво и чисто палто, со исто така, стар шешир на главата. Беше топло зимско утро, што капавиците од стреите капеа и пролетта на секој чекор се чувствуваше. Старецот застана. Убаво му се загледа во вџашеното бледо лице на Ѓорѓија и рече: "Нема друго чаре, туку, оди во реката и земи го белутрокот, водата уште не е толку длабока." Тогаш му се сврти на детето: "Млад си и зелен. Не знаеш што зиан му стори на човеков, штом на клетвата, со клетва му врати, оти зианот и себе си го сторил."

Ѓорѓи слезе низ ѕидот до водата. Одеше од карпа до карпа, камењата ги креваше, додека минувачите застануваа на мостот и го прашуваа:" Го најде ли, бре Ѓорѓи, каменот, погледни да не е оној до него ?" Целиот живот го помина низ Драгорот, акајќи и вртејќи ги камењата, додека еден ден не почина, но лошата клетва остана. Ноќе душата му скита низ водата, камењата ги превртува, време, кара, ко волк завива, ако каменот го најде, местото не го наоѓа за да го остави, како што беше. А Петре, еба си му бељата, си заспал. Дедото си го покри внукот и повеќе за себе си рече: "Клетвата го бие. Каменот не е на местото и не се враќа од јабана, дури душата копнее.

Врати ги, Ѓорѓи, белутраците.
Јас се начекав во Аделаид.

**Ратко Димовски,**

# СЛАДОЛЕД

Музика: Томислав Таневски    Текст: Евантија Таниќ-Сигеровска



# МАЈМУНОТ И ЧОВЕКОТ

Откако Човекот ја загубил довербата во луѓето, тргнал во потрага по Мајмунот. Откако го пронашол, му рекол: Стори се брате Човек, зашто немам со кого да живеам. Луѓето многу се расипани. Ќе направиме првобитна заедница и општеството нема никогаш да го менуваме.

– Сè, сè, ама тоа не, му одговорил Мајмунот.

– Стори се брате Човек, разбери ме како животно, оти јас многу подобро живеам и се разбирам со животните, отколку со луѓето.

– Токму затоа брате не сакам да се сторам Човек. Сакам да останам животно. Ако се сторам Човек и јас и ти ќе бидеме дел од луѓето, му рекол Мајмунот и си заминал по мајмунските работи.

*Стамен Георгиевски*



# КАЈ ОЧЕН ЛЕКАР

Некоја многу кратковида девојка никогаш не сакала да носи очила. Еден ден се омажила, а кога се вратила од медениот месец, нејзината мајка повикала офталмолог:

-Докторе, дојдете брзо. Итно е. Никогаш не сакаше да носи очила, а сега се врати од меден месец...

-Смирете се, госпоѓо, - вели офталмологот.

-Испратете ми ја следната недела, па ќе ја прегледам на раат. Ако преживеала повеќе од дваесет години без очила, не верувам дека толку е итно...

-Итно е, докторе, итно е. Мажот со кого отиде на меден месец не е овој со кого се врати.

## MIROSLAV GERENČER - GERO







Владимир Шопов: *Отсукана Македонија*


GERO


GERo'01.

***Специјалитети од домашното огниште***

## ПИЛЕШКО НА МАКЕДОНСКИ НАЧИН

*Потребен материјал за 5 лица*

*1 кг. пилешко месо, 2 дл. бело вино, 500 гр. печурки, 100 гр. кромид, 50 гр. брашно, 50 гр. масло, 20 гр. салца, 3 свежи пиперки – нелути, 1 китче магдонос, сол и црн пипер по потреба.*

*Начин на приготвување*

*Пилешкото месо се сече на парчиња, се посолува, побрашнува и пропржува на загреана плитка маснотија. Кога месото ќе биде пропржено се вади од маснотијата, а во преостанатата маснотија се додава ситно сечен магдонос, салца, бело вино. Сето тоа се промешува со месото, се додава супа или малку вода и се продолжува да се динстува месото сè додека не омекне, но не наполно. Потоа садот се вади од оган. Во друг сад на загреана плитка маснотија се пропржува ситно сечен кромид, пиперки и исчистени и исечени печурки. Кога сето ова ќе се продинстува, се соединува со месото и така заедно се динстува уште некое време да биде наполно месото омекнато и печурките.*

*Ова јадење може и да се гарнира со варен компир или моркови.*

## АМЕРИКАНСКА ТОРТА

*Потребни продукти:*

*8 жолчки, 150 гр. мелени ореви, 50 гр. мелени лешници, 8 белки, 250 гр. прав шеќер, 50 гр. мелени бадеми, 2 штангли чоколада – околу 50 гр., сок и кора од половина лимон.*

*Глазура:*

*2 белки, 80 гр. шеќер во прав*

Приготвување на глазурата

Од белките се мати цврста пена, се додава шеќер во прав, и се меша сè додека не стане густа и цврста.

*Начин на работа*

*Жолчките и шеќерот во прав се матат пенесто. Кога масата доволно ќе нарасне, се додаваат мелени ореви, бадеми и лешници, рендана чоколада или чоколада во прав, сок и кора од лимон, сето тоа добро се меша, се додава снег од белки, се соединува масата и се става во подмачкан и побрашнет плех да се пече. Тортата се пече на умерена температура. Кога е печена се оладува, премачкува со глазура и повторно се става во млака рерна да се засуши. Готовата торта се лáди, се сече по желба и се сервира.*



## ДРАГИ ЧИТАТЕЛИ!

Ве молиме за соработка со ваши мислења, ставови и погледи.

Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат на Редакцијата за да бидат објавени во наредниот број.

ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш тие го одразуваат мислењето на Редакцијата. Редакцијата е одговорна само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на адреса на ова списание стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA
U REPUBLICI HRVATSKOJ

СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА
НА МАКЕДОНЦИТЕ
ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Главен уредник:
БЛАГОЈА ЈОВАНОВСКИ

Редакција:
Марко Паризовски (Загреб),
Владо Настески (Риека),
Ивица Луетиќ (Сплит),
Слободан Кузевски (Осиек),
Ратко Димовски (Пула),
Августина Гулевска - Хајдиќ (Задар).

Секретар: Вукашин Јовески

Лектор: Августина Гулевска - Хајдиќ

Ova glasilo tiska se uz materijalnu potporu Ureda za nacionalne manjine Vlade Republike Hrvatske.

За издавачот: ИЛИЈА ХРИСТОДУЛОВ

Tisak: Gradska tiskara Osijek d.d.

Temeljom odredaba čl. 58 stav 3 Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992. g.) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete - Sektor informiranja - 14. 07. 1993. g.

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1/7-94-01 od 10. svibnja 1994. g. ova tiskovina oslobođena je plaćanja poreza na promet.

**18.01.1862.** - Во Цариград, во полициската болница, умре Константин Миладинов, македонски поет, собирач на македонски народни песни и умотворби. По завршувањето на основното образование во Струга и гимназијата во Јанина, во 1847-та година стана учител во селото Трново, Битолско. На 14.10.1849 година се запиша на Филозофскиот факултет (филолошка група) во Атина. По завршувањето на студиите едно време престојуваше во манастирот "Зограф" на Света Гора. По враќањето во Струга, по малку време стана учител во битолското село Магарево, а потоа, во 1857-та година, се запиша и студираше словенска филологија во Москва, каде што членуваше во Словенскиот кружок и соработуваше во неговиот весник "Братски труд", како и во весникот "Дунавски лебед". На 24. 06. 1861 година во Загреб излезе Зборникот на народни песни и умотворби на браќата Димитрија и Константин Миладиновци. Роден е во Струга, во 1830-та година.

**23.01.1862.** - Во Цариград, умре Димитрија Миладинов, македонски народен преродбеник, поет, учител, публицист и научник. Беше собирач на народни умотворби и основач на македонската етнографија. Заедно со својот помлад брат Константин водеше организирана борба против денационализаторството, панелизмот и практиката на грчката влада на македонските подрачја. Роден е во Струга, во 1810 година.

**15.01.1992.** - Република Бугарија ја призна Република Македонија за суверена и независна држава. Република Бугарија е првата земја што ја призна Република Македонија.

**26.04.1992.** - Република Македонија монетарно се осамостали. Новата македонска валута се вика "денар".

**26.04.1992.** - Република Албанија ја призна Република Македонија.

**15.02.1839.** - Во Велес е роден Рајко Жинзифов, македонски писател, преродбеник и публицист. Со своето значајно литературно дело (поезија, проза, публицистика, превод), главно настанато во емиграција, меѓу 1858 и 1877 година, тој зазема истакнато место во плејадата на македонските преродбеници. Се школуваше во Битола и во Велес, а беше учител во Прилеп и во Кукуш. Потоа се школуваше во Русија - во Одеса и во Москва. Умре во Москва, на 15.02.1877 година.

**24. 03. 1845.** - Во селото Лешок, Тетовско, умре Кирил Пејчиновиќ, македонски писател и просветител. Своето образование го започна во манастирската школа во црквата Света Пречиста Кичевска, а го продолжи во манастирот Света Гора. Од Света Гора се врати во Марковиот манастир блиску до Скопје, каде што почна и да пишува. Подоцна се премести во манастирот Лешок и таму остана до крајот на животот. Неговата дејност има големо значење за македонската литература. Познати дела се: "Огледало", "Утешение грешним". Роден е во селото Теарце, Тетовско, околу 1771 година.

**24. 03. 1949.** - Во Скопје е формиран Државниот ансамбл на народни игри и песни на Народна Република Македонија, кој од 2. 06. 1953 година го носи денешното име - Ансамбл на народни игри и песни на Македонија "Танец". Првиот концерт го одрда во Скопје, на 24. 06. 1950 година во салата на Македонскиот народен театa, а само по една недела заминаа на својата прва турнеја - во Ланголан, Англија, на Светскиот фолклорен фестивал, каде со орото "Тешкото", играорците, иако анонимни, го освоија првото место, добивајќи ги сите модни поени на дирито. Со виртуозната интерпретација и презентација на народните игри и песни, инструменти и носии во оригинален облик, стил и кореографија "Танец" беше и е вистински амбасадор на македонската народна уметност и културата во земјата и во странство.

**20. 02. 1943.** - Во Скопје, во судар со бугарските агенти и полицијата, загина Раде Јовчевски - Корчагин, народен херој. При формирањето на Првиот на првиот скопски партизански одред стана член на штабот. Исто така тој учествуваше во формирањето на новиот Скопски партизански одред во 1942 година.
Раде Јовчевски е роден во Скопје на 14. 08. 1919 година.

**ИГЛА СО ИКОНА**,
*XIX век, Охрид*

